Суштина на воннаставните активности се состои во проширување и продлабочување на знаењето, умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности. Со овие активности се развива љубопитноста и истражувачкиот дух, дружење со други одделенија и други училишта, меѓусебна соработка, солидарност, доаѓа до израз креативноста на учениците, се поттикнува самодокажувањето и интересот за докажување на учениците и наставниците во одредена област следејќи ги современите текови на образовниот процес.

### *11.1. Училиштен спорт*

Во рамките на училиштниот спорт во нашето училиште оваа учебна година ќе бидат активни следните спортски екипи: за кошарка (машка и женска), за ракомет (машка и женска), за одбојка (машка и женска), за футсал (машка и женска), за фудбал (машка и женска), атлетска екипа (машка и женска). Истите активности на екипите ќе бидат реализирани и во склоп на училишниот спортски клуб. Програмата за спортски активности ќе се реализира во согласност со законот и календарот за спортување во текот на целата учебна година. Училишните екипи ќе учествуваат на општински, регионален и државен натпревар како и на разни турнири организирани од други училишта и организации, по повод Денот на училиштето, учество во проекти, организирани од страна на локална самоуправа. Одговорни наставници и водачи наекипите се наставниците по Физичко и здравствено образование.

### *11.2. Секции и слободни ученички активности*

Општа цел на слободните ученички активности, организирани преку секции, е да се развиваат различните интереси на учениците, како и да се насочуваат сами да ги препознаат своите афинитети како услов за поефикасен и поефективен понатамошен развој.

За учебната 2019/2020 година во нашето училиште според ГПРУ се предвидени следниве секции: литературна, драмско-литературна, книжевен клуб, новинарска, библиотекарско-медијатекарска, математичка, ликовна, еколошки секции, секции по географија, историја, англиски јазик, ФЗО ( во предметна настава),фото секција,хемија. Во одделенска настава: драмско-литературни секции, ликовни, математички, музички и пеачко-ритмички, ритмичко-балетски, еколошки,природни науки.

### *11.3.Ученички натпревари*

Опфаќаат активности преку кои учениците ги презентираат своите постигнувања во наставата и другите подрачја на воспитно - образовната дејност и го презентираат училиштето во локалната средина, градот, државата и на меѓународно ниво. Во текот на учебна 2019/20 година учениците од нашето училиште ќе учествуваат на голем број натпревари од спортски карактер и натпревари за стекнување на знаења од сите наставни предмети организирани како меѓуодделенски натпревари и на општинско,регионално и државно ниво од страна на БРО и Народна техника како и учество на меѓународно ниво доколку дозволуваат условите. Програма за натпревари е во прилог.

## *11.4.Општествено хуманитарна работа*

Училиштето на пригоден начин ќе ги одбележи празниците според календарот, ќе се грижи за одржување и негување на училишната зграда, двор и непосредната околина, уредување и одржување на ентериерот во зградата на Училиштето, како и организарње на хуманитарни ации: собирање училишен прибор и облека и крводарителска акција.

## *12. Поддршка на ученици*

## *12.1. Постигнувања на ученици*

**Среден успех по пол и одделенија во учебната 2015/16 -2018/19 година**

| 2015/16 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| одд | полугод. | | крај | |
| | | | | |
| IV | 4,25 | 4,22 | 4,44 | 4,35 |
| | **4,23** | | **4,39** | |
| V | 4,13 | 4,48 | 4,36 | 4,73 |
| | **4,30** | | **4,54** | |
| VI | 3,55 | 4,15 | 3,78 | 4,42 |
| | **3,85** | | **4,10** | |
| VII | 3,52 | 4,00 | 3,75 | 4,36 |
| | **3,76** | | **4,05** | |
| VIII | 3,33 | 4,19 | 3,63 | 4,36 |
| | **3,76** | | **3,99** | |
| IX | 3,59 | 4,08 | 3,89 | 4,36 |
| | **3,83** | | **4,13** | |
| Вк. | 3,56 | 4,15 | 3,77 | 4,37 |
| | **3,86** | | **4,07** | |

| 2016/17 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| одд | полугод. | | крај | |
| | м | ж | м | ж |
| IV | 4.23 | 4.41 | 4,33 | 4,51 |
| | **4.32** | | **4,42** | |
| V | 4.23 | 4.26 | 4,40 | 4,41 |
| | **4.25** | | **4,40** | |
| VI | 3.76 | 4.08 | 4,03 | 4,42 |
| | **4.01** | | **4,22** | |
| VII | 3.46 | 4.12 | 3,74 | 4,39 |
| | **4.29** | | **4,07** | |
| VIII | 3.36 | 4.04 | 3,74 | 4,29 |
| | **3.70** | | **4.02** | |
| IX | 3.53 | 4.20 | 3,90 | 4,48 |
| | **3.86** | | **4,19** | |
| Вк. | 3.76 | 4.19 | 4,10 | 4,43 |
| | **4.07** | | **4,27** | |

| 2017/18 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| одд | полугод. | | крај | |
| | м | ж | м | ж |
| IV | 4,40 | 4,54 | 4,51 | 4,63 |
| | **4,47** | | **4,57** | |
| V | 4,28 | 4,46 | 4,37 | 4,58 |
| | **4,37** | | **4,47** | |
| VI | 3,95 | 4,02 | 4,24 | 4,24 |
| | **3,98** | | **4,24** | |
| VII | 3,69 | 4,11 | 3,94 | 4,34 |
| | **3,90** | | **4,14** | |
| VIII | 3,23 | 3,93 | 3,63 | 4,26 |
| | **3,58** | | **3,95** | |
| IX | 3,49 | 4,17 | 3,90 | 4,39 |
| | **3,83** | | **4,15** | |
| Вк. | 3,96 | 4,28 | 4,18 | 4,46 |
| | **4,12** | | **4,32** | |

| 2018/19 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| одд | полугод. | | крај | |
| | м | ж | м | ж |
| IV | 4,43 | 4,60 | 4,57 | 4,70 |
| | **4,51** | | **4,63** | |
| V | 4,35 | 4,49 | 4,57 | 4,65 |
| | **4,42** | | **4,61** | |
| VI | 3,81 | 4,17 | 4,10 | 4,40 |
| | **3,99** | | **4,25** | |
| VII | 3,82 | 3,91 | 4,20 | 4,27 |
| | **3,86** | | **4,24** | |
| VIII | 3,46 | 3,84 | 3,76 | 4,16 |
| | **3,65** | | **3,96** | |
| IX | 3,31 | 3,96 | 3,76 | 4,45 |
| | **3,64** | | **4,10** | |
| Вк. | 3,58 | 3,97 | 3,94 | 4,31 |
| | **3,78** | | **4,13** | |

Во нашето училиште се следи успехот и се прават споредбени анализи по класификациони периоди и учебни години, како и генерациски. Училиштето редовно учествува на сите натпревари и манифестации во организација на БРО и други институции, за што говорат многубројните награди, признанија, пофалници и дипломи за освоени прво, второ и трето место, на општински, регионални и државни натпревари, како и медали на математичка олимпијада. За истакнување е учеството на меѓународни конкурси и натпревари- по англиски јазик, македонски јазик и ликовна уметност. На крајот на наставната година јавно се пофалуваат и соодветно се наградуваат учениците и нивните ментори, а се избира и ученик на генерација.

## *12.2.Превентивни програми*

Во нашето училиште ќе се реализираат превентивни програми од неколку позначајни области како што се спречување на насилството во училиштето, заштита на учениците од заразни болести, заштита на учениците при вклучување во сообраќајот веднаш по напуштање на училиштето и безбедно пристигнување до нивните домови. Во реализацијата ќе бидат вклучени стручните соработници, одделенските раководители, предметните наставници по биологија и физичко и здравствено образование и надлежни институции.

Училиштето континуирано ќе соработува со Центарот за социјални работи, Црвен Крст, МВР и други огранизации и институции со цел нашите ученици да добијат повеќе информации кои ќе им помогнат полесно и безгрижно да се вклучат во социјалниот живот.

Училиштето е примарно место, каде што децата стекнуваат искуства за припаѓање надвор од семејството.

Заради нивен хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој, во училиштето се изготвени соодветни програми кои ќе се применуваат во согласност со можностите и потребите на училиштето.

*Програма* „Безбедни училишта“ - ќе продолжи да се реализира и оваа учебна година во соработка со МВР Куманово, според нивниот план

## *12.3. Безбедност во училиштето*

Во училиштето има изготвено Норматив за заштита и безбедност на учениците како и Програма за заштита и спасување при елементарни непогоди

## *12.4. Позитивна социоемоционална клима*

Во нашето училиште ќе се води сметка и за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раквoдител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручната служба, во соработка со родителите. Со овие ученици индивидуално или групно ќе работат стручните соработници при што ќе се води сметка за возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците.

## *13. Грижа за здравјето*

Здравјето е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци.

Имајќи го во предвид доброто здравје и општата благосостојба на вработените, училиштето има формирано посебен тим за грижа на здравјето и истиот има план и активности кои ги извршува со цел да се врши следење на споменатата состојба на вработените и учениците во текот на учебната година.

### *13.1. Хигиена во училиштето*

Хигиената во училиштето секојдневно и редовно се одржува со чистење на училници и ходници, хигиена и одржување на училишниот двор и градината, хигиена на санитарните јазли со користење на средства за дезинфекција. Заводот за здравствена заштита редовно спроведува дератизација и дезинсекција на училиштето со цел сите релевантни субјекти во училиштето да бидат заштитени од заразни болести.

### *13.2.Систематски прегледи*

Во согласност со јавните здравствени установи во училиштето, учениците редовно се повикуваат на систематски прегледи. Во овие прегледи се опфатени ученици од I, III, V и VII одделение со цел да се следи целокупното здравје на учениците за превенција и заштита од заразни болести и деформитети и истите ќе бидат реализирани во тек на учебната година во согласност со годишниот календар на јавната здравствена установа, а учениците ќе ги водат одделенските раководители после наставата.

### *13.3.Вакцинирање*

Вакцинирањето на учениците ќе се изведува според календарот за имунизација и вакцинација од здравствената амбуланта, а оние ученици кои нема да примат вакцина поради болест, во соодветна здравствена установа ќе бидат водени од страна на своите родители со цел да не се појават несакани ефекти (заразни болести, алергии и др.).

### *13.4 Едукација за здрава исхрана*

Во рамките на грижа за здравјето на учениците се спроведува и едукација за здрава исхрана, а ќе се реализираат и активности од проектите *Ботаничка градина* и *Одледување на микрозеленчук* со цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите и локалната бизнис заедница.

## *14. Училишна клима и односи во училиштето*

### *14.1. Дисциплина*

За реализирање на еден од приоритетите на нашето училиште – дисциплината, се утврдува правилник и се определува план по кој ќе работи училиштето со што ќе се подобри училишната дисциплина.

Нашето училиште има изготвен план за распоред на дежурства на вработени и истиот се истакнува на огласна табла. За подобрување на дисциплината на училиштето има изготвено правилник за однесување во училиштето – куќен ред.

### *14.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Во училиштето е формиран тим за естетско и функционално уредуваеље на просторот, согласно темите и календарот за работа на Училиштето.

### *14.3. Етички кодекс*

Во нашето училиште веќе има изработено кодекс кој се однесува за наставниците, учениците и за родителите. Покрај тоа има и етички кодекс за оценување на учениците, кодекс за однесување со **ИКТ** технологија, кодекс на однесување во училница, кодекс на однесување во кабинет по информатика, кодекс на однесување во медијатека, етички кодекс за останатите вработени.

### *14.4. Мулти-културализам*

Во училиштето е застапен мал број на ученици во различити етнички групи и со оглед на тоа, училиштето се стреми да го негува и унапредува мултикултурниот соживот помеѓу учениците и другите чинители.

Во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, нашето училиште стана партнер со ООУ „Наим Фрашери“ – Куманово, каде што настава се изведува на албански јазик.

### *14.5. Односи меѓу сите структури*

Нашето училиште ќе формира тим составен од сите структури (наставници од одделенска и предметна настава, стручна служба, администрација, технички персонал), кој секоја година ќе има за задача да ги лоцира критичките точки на комуникација помеѓу одредени структури во Училиштето. Истите ќе се разгледуваат на заеднички состаноци- работилници и дебати при што ќе се врши анализа и ќе се предлагаат нови начини за подобрување на тој план. За подобрување на комуникацијата и зголемување на меѓусебната доверба и соработка ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености, посети и слично за што е изготвена програма..

### *14.6.Еколошки активности*

Училиштето има потпишан Меморандум со Општина Куманово за реализација на еколошката програма на локално ниво. Формиран е еко одбор, донесен еко –кодекс, се врши анализа на состојба на животна средина од која произлегуваат приоритети и цели, прави план на активности за секој од приоритетите. Истите се поврзуваат со наставната програма, се врши следење и евалуација на сите точки на акцијата и за спроведените активности ја известува локалната заедница преку локалните медиуми, флаери/брошури и веб страната на Училиштето. Исто така училиштето има потишано меморандум со Здружение на граѓани *Кумановски акцијаши* со кои учествува во еко акции на подрачје на Општина Куманово и пошироко.

## *15. Професионален развој на образовниот кадар*

### *15.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Училиштето како целина постојано следи и прави проценки на сработеното како и на тоа што треба да се сработи во иднина за да се подобри неговото целосно функционирање. Па така, согласно спроведената самоевалуација детектирано е дека целокупниот образовен кадар треба континуирано да продолжи да се надоградува и да ги проширува своите знаења. Тоа значи дека наставниците и стручната служба ќе посетуваат семинари и обуки и сето тоа само со една иста цел - професионален развој на образовниот кадар во училиштето во текот на учебната 2019/20 година.

Од спроведената анкета со наставниците се гледа дека најмногу имаат потреба од обука за оценување на ученици со ПОП, работа во кобинирани паралелки, обука за реализација на предметот музичко образование во предметна настава.

### *15.2. Активности за професионален развој*

Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба.

Притоа се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој.

Тука значаеан дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес, но и училиштето кое самостојно спроведува интерно стручно усовршување на образовниот кадар. Наставниците ќе учествуваат на сите семинари и едукативни работилници организирани од Биро за развој на образование, УСАИД или други невладини организации и акредитирани провајдери.

### *15.3. Личен професионален развој*

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература.

### *15.4. Хоризонтално учење*

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови.

### *15.5. Тимска работа и училишна клима*

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.

Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до деветто одделение и сл. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи за професионалниот развој на наставниците и ќе се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари.

Сите овие предвидени активности ќе се реализираат во согласност со потребите и барањата на училиштето и образовниот кадар во текот на учебната година.

Размена на идеи меѓу членовите од тимовите на состаноци за: изготвување на соодветна форма за нивно ефективно и соодветно одржување, донесување на конкретни заклучоци, предлози и мерки, водење сметка за конструктивно решавање на проблемски ситуации, користење на соодветни вештини на комуникација, почитување на одговорниот и мислењето на секој поединец.

## *16. Вклученост на семејството во училиштето*

### *16.1. Во животот и работата на училиштето*

Родителите редовно се вклучени во сите случувања од училиштниот живот земајќи активна улога при донесувањето на одлуки преку Советот на родители. Совет на родители во ООУ „Кочо Рацин“ Куманово, работи по претходно изготвена годишна програма за работа. Со годишна програма за работа на Совет на родители е предвидена динамика на состаноци, одговорни лица и број на членови во телото. Сите тежишни приоритети се разгледуваат на состанок на Совет на родители и истите даваат идејни решенија за имплементација на истите. Родителите се вклучени во сите сегменти на работење на училиштето и тоа при: детектирање на состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, родителите учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите.

### *16.2. Во процесот на учење*

Во ООУ „Кочо Рацин“ Куманово, родителите се секогаш добредојдени и истите даваат придонес во имплементација и подобрување на наставата воопшто. Вклученоста на родителите во Училишниот одбор, соработка со: директорот на училиштето, наставниот кадар и стручната служба е подетално опишана во Годишните програми на истите. Родителите по барање на наставниците даваат континуирана подршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците–таленти. Семејствата се вклучени во повеќе афирмативни акции за доброто на училиштето и сите релевантни фактори вклучени во истото. Триаголникот наставник – родител – ученик за секоја паралелка одделно е предвиден со засебна годишна програма за соработка со родители и одбор на родители.

### *16.3. Во активностите во училиштето*

И оваа учебна година една од приоритетни задачи на училиштето ќе биде зголемен степен на застапеност на родители во имплементација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и други настани во училиштето, особено преку проектот *Заедничка грижа за правилно насочување на учениците.* Родителите ќе бидат вклучени и во имплементација на мали училишни интеркултурни и други иницијативи – проекти кои се имплементираат со поддршка на ФООМ и УСАИД.

### 16.4. Во донесување одлуки

Вклученоста и партиципацијата на родителите во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку Совет на родители, училишна заедница, Училишен одбор се објаснети во годишните програми за работа на Совет на родители, Училишен одбор и училишна заедница.

### 16.5. Едукација на семејството

Училиштето организира едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакати, брошури, училишни весници и советувања. Советодавно-консултативните работилници – индивидуални и групни, посета на семејства се применуваат по барање и потреба за поддршка на наставник кај поединечни случаи за надминување на потешкотии и аномалии со кои се соочуваат учениците.

### 16.6. Изработка на брошура за родители

ООУ „Кочо Рацин“ има тим за подготовка и реализација на брошури кои се подготвуваат пред и во текот на учебната година и се споделуваат со родителите во септември и мај/ јуни се со цел подетално информирање на истите за животот и работењето на училиштето.

## 17. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### 17.1 Локална заедница

*Тимот за комуникација со јавноста и промоција на училиштето* оваа учебна 2019/20 год. ќе настојува да се развива уште поголема комуникација со јавноста за да се промовираат активностите и достигнувањата, но и да се запознае локалната средина со постоечките состојби и проблеми во училиштето. Преку усна, писмена и електронска комуникација ќе се договараат состаноци, средби, дебати, трибини меѓу директорите, меѓу наставниците од други локални училишта, како и со локалната самоуправа и со бизнис заедницата.
Соработка ќе постои и при реализација на разни собири по одредени случувања во училиштето: Свечен прием на првачиња, Еко-ден, одбележување на Детска недела, Месец на книгата, Денот на Училиштетето, одбележување на 8 Март, маскенбал за Денот на шегата, традиционалниот маскенбал „Батко Ѓорѓија“ организиран од Општината, Отворен ден за идни првачиња и нивни роители и сл. Локалната средина активно ќе се вклучи во реализација на ОХО-проект, „Безбедни училишта“**,** МИМО, „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“, „Збратимени училишта“, Еразмус + проект и во сите други училишни проекти предвидени со Годишната програма.
Овие активности ќе се реализираат преку: родителски средби, индивидуални и групни средби со родителите, посета на приватни и општествени институции, фирми и фабрики со цел запознавање на ученици со различни занимања, разновидни собири, приредби, изложби, излети, работни акции, собирни акции и други активности.

### *17.2. Институции од областа на културата*

Задолжително ќе продолжат да се планираат и да се следат објавени конкурси и натпревари на локално, државно и на меѓународно ниво. Нашите ученици со своите лични творби ќе земат учество на секој вид конкурси распишани на општинско, државно и меѓународно ниво .Со посебен интерес се следи и активно се учествува на меѓународни конкурси за ликовни и литературни творби со што се продолжува трендот за афирмација на нашето училиште во меѓународни рамки. Сè поинтересни стануваат конкурсите распишани на интернет страниците, па ќе се посвети поголемо внимание на истите. Предвидено е учество и на ликовна колонија. Училиштето и оваа година ќе посетува изложби, културно-историски споменици и музеи. Тесно ќе соработува со градската библиотека „Тане Георгиевски“, со Центар за култура „Трајко Прокопиев“, со кумановскиот тетар и кино, а за учениците ќе бидат организирани посети на театри, кина, балетски претстави, присуство на промоција на книги и сл.и надвор од градот, како дел од воннаставни и слободни ученички активности.

### *17.3. Институции од областа на образованието*

Во годишните планови и програми, Активите од нашето училиште задолжително ги планираат општински, регионални, државни, меѓународни натпревари и конкурси организирани од МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование. Со овие образовни институции ќе се соработува и при реализација на проектот МИМО во соработка со ООУ „Наим Фрашери“-Куманово. Со помош на МОН и БРО ќе се реализираат и сите видови на обуки предвидени за основно образование. Со помош на ДПИ и ЕЛС-сектор за основно обраозвание ќе се следат сите новини во образованието и упатства за нивна примена. Ќе се сорботува и со други образовни институции (училишта и градинки) со цел размена на искуства и промоција на нашето училиште. И оваа година ќе продолжи проектот Збратимени училишта со „Синав колец“ од Анталија, Р. Турција, а ќе се продлабочи соработката со збратимените основни училишта „Богумил Тони“ од Самобор, Р. Хрватска и „Св.Кирил и Методиј“ од Ќустендил, Р. Бугарија.

### *17.4. Невладини организации*

Ќе продолжи соработката со Регионален Центар за лица со интелектуална попреченост „Порака наша“, Здружение за умствен развој на деца „Браин Гинис“, Општинската организација на Црвен крст-Куманово, со НВО „Национален ромски центар“, ЗГ Кумановски акцијаши, Хуманитарно здружение Мајка, ЗГ Инклузива, Фото клуб Куманово со кои Училиштето има потпишано меморандуми за соработка. Училиштето ќе остане отворено за секоја невладина организација која ќе побара било каква помош и потреба за интелектулна и креативна соработка.

### *17.5. Спортски друштва*

Како и до сега ќе продолжи соработката со: приватни фудбалски школи во Куманово; РК„ Куманово“; КК „Куманово“; КК „Пинк Пантер“; Атлетски кулб „Куманово“; „Друштво на училишен спорт на Куманово“ при реализација на турнири и разни спортски активности, како и активно учество во лигите и натпревари организирани од „Федерацијата за училишни спортови на Македонија“.

Училиштето активно ќе учествува и во натпревари, турнири организирани од локални институции и невладини организации кои најчесто се од хуманитарен, рекреативен и натпреварувачки карактер.

### *17.6. Здравствени организации*

Нашето училиште продолжува да соработува со Медицински центар - Куманово преку разни здравствени активности: систематски прегледи, вакцинација, превенција на забни болести, презентации поврзани со здравјето на учениците и заштитата од разни болести. Доколку има потреба ќе се соработува и со Центар за социјални грижи и ќе се помага на учениците. За сигурноста на вработените и учениците на почеток на годината преку тендер ќе се одбере осигурителна компанија која ќе биде на доброволна база. Секој одделенски раководител прави акциски план со едукативни теми за здравјето на учениците со одговорни лица за реализација, време на реализација и очекувани исходи..

### *17.7. Медиуми*

Новини, активности и достигнувања редовно ќе се известуваат преку Web страна на Училиштето која стана особено популарна со созавањето на Fun page на Училиштето и која постојано се обработува и надоградува со информации за активности спроведени во Училиштето или надвор од него. Ќе продолжи соработка со државната телевизија МТВ, новинска агенција МИА, локалната телевизиска станица „ТВ Плус“, локалното радио „Браво“ и преку интернет порталот „Kumanovo News”. Доколку постои заинтересираност и можност Училиштето може да учествува и на други државни радио и телевизиски станици. Како форми и методи за информирање ќе се користат интервјуа, репортажи, еко-катчиња,отворени денови за пошироката заедница. План за реализација на активностите од оваа подрачје е даден во прилогот

## *18. Прилози од програмата „Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на Република Македонија“*

Во Годишната програма за работа на Училиштето во уч.2019/20 год.се дадени следниве прилози:
*Список на членови на Еко-одбор; Анализа на состојба на животна средина; План на активности; Следење и евалуација;Поврзување со наставна програма; Еко-кодекс; Меморандум за соработка со Општина Куманово за реализација на еколошка програма на локално ниво.*

***Инструмент за подготовка, следење и евалвација на програмите и акционите планови***

| | Учебна 2019/2020 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | |
| **Активност** | **9** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **☑ ☒** | **Потребен буџет** |
| Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска и предметна настава | | | X | | | x | | x | x | | | | директор педагог психолог стр.активи | анализа препораки | чек листа записници | постигнување подобри резултати | директор | | по потреба |
| Следење на реализација на додатна и дополнителна настава | | | X | | | x | | x | x | | | | директор педагог психолог стр.актив | увиди во дневници посета на час | записници формулари | подобрување на успехот | претседател и на стр.активи | | по потреба |
| Евалуација на професионален развој на вработените | | | X | | | | | | | x | | | директор претсед. на стр.активи | разговор, увид во профес. портфолио | записник | утврд. на потребите од проф.развој | директор педагог психолог | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење на реализација на акциските планови | | | | | x | | | | | | | x | коорд..на тимови | разглед.на извештаи од реализирани активности | записници анализи извештаи пед.евид. | оствар.на приоритети | директор Училишен одбор | | по потреба |
| Евалуација на работата на стручните активи | | | | | x | | | | | x | | | наст.совет | анализа и дискусија | записници, анализи извештаи | утврд.на подрачја за промени | директор | | по потреба |
| Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година | | | X | | x | | | x | | x | | | одд.рак. стручни соработн. | анализа извештај | формулари анализа | подобрув.на успехот | директор | | по потреба |

## *Тим кој учествувал во изработка на Годишната програма*

- Вовед – **Владица Наковска, Кети Берјановиќ Доцевска, Сашка Стаменковска**
- Лична карта на Училиштето – **Владица Наковска, Кети Берјановиќ Доцевска, Сашка Стаменковска**
- Мисија и визија - **Весна Тодоровска, Николина Милевска, Елена Краљевска**
- Веќе научено/стекнати искуства – **Анита Димовска, Ивана Ѓорѓиевска, стручни соработници**
- Подрачја на промени, приоритети и цели - **Владица Наковска, Кети Берјановиќ Доцевска, Сашка Стаменковска**
- Акциски планови - **Владица Наковска, Кети Берјановиќ Доцевска, Сашка Стаменковска**
- План за евалуација на акциските планови - **Владица Наковска, Кети Берјановиќ Доцевска, Сашка Стаменковска**
- Календар за работа – **Сашка Стаменковска**
- Настава - **Анита Димовска**
- Оценување – **Лидија Атанасовска, Катерина Костадинова**
- Воннаставни активности - **Галаба Давчевска, Оливера Шутевска**
- Поддршка на учениците - **Владица Наковска, Кети Берјановиќ Доцевска, Сашка Стаменковска**
- Грижа за здравјето- **Владанка Марковска, Лидија Крстевска, Зденка Димиќ**
- Училишна клима и односи во Училиштето – **Ана Петрушевска, Марина Величковска**
- Професионален развој на образовниот кадар – **Љупка Милковска, Бисера Јордановска**
- Вклученост на семејството во Училиштето – **Љиљана П. Скрчевска, Соња Коцевска**
- Комуникација со јавноста и промоција на Училиштето - **Ивана Ѓорѓиевска**
- Техничка обработка – **Галина Глигорова Пешиќ**

**04.07.2019 година**
**Куманово**

**Директор**

**__________________**

**Лидија Пешевска**

**м.п.**

**Претседател на Училишен одбор**

**______________________**

**Ивана Ѓорѓиевска**

**Прилози:**

Тим кој учествувал во изработка на Годишната програма
I. Годишна програма за работа на директорот
II. Програма за работа на помошник директор
III. Годишна програма за работа на психолог
IV. Годишна програма за работа на педагог
V. Програма за работа на училишниот психолог во ПУ с.Орашац
VI.Програма за работа на стручниот соработник- дефектолог
VII. Програма за работа на стручниот соработник- училишен библиотекар-медијатекар
VIII. Годишна програма за работа на наставнички совет
IX. Ориентациона програма за работа на стручни активи
X. Програма за работа на училишен одбор
XI. Предлог-програма за работа на Совет на родители
XII. Ориентационен план за интегрирање на МИМО во наставата
XIII. Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем поврзување со наставната програма
XIV.1. Прилози од Програмата „Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на Р Македонија"
XV. Програма за “Заедничка грижа за правилно насочување на учениците”
XVI.Програма за проектот “Антикорупција”
XVII. Програма за меѓународен проект Учиме преку игри-GOAL! (Games of a lifetime)
XVIII. Програма за меѓународен Еразмус проект-Европски научен конгрес за животна средина и екологија(ESCEI-Europian Scholar Congress on Environmental Issues)
XIX. Програма за работа на проект-Збратимени училишта „Синав Колеџ" Анталија ,Р Турција и ООУ „Кочо Рацин" Куманово
XX. Програма за проект -Даруваме радост
XXI. Програма за проектот Играј,учи,забавувај се -ПУ с. Биљановце
XXII. Програма за проект Ботаничка градина
XXIII. Програма за проект Да ја заштитиме планетата Земја со свои раце
XXIV. Програма за проектот Одгледување на микрозеленчук
XXV. Програма за проект Ех, да можев очите на мама да ги видам
XXVI. Програма за проект Улична уметност (Street Art)
XXVII. Програма за работа со надарени и талентирани ученици
XXVIII. Програма за работа со ученици со посебни потреби

XXIX. Програма за работа на УИТ
XXX. Преглед на раководители на паралелките од I до IX одд.
XXXI. Преглед на наставни часови по наставници и паралелки
XXXII. Програма за одржување на ученички натпревари
XXXIII. Програми за екскурзии
XXIV. Програма за општествено хуманитарна работа
XXXV. Програма за работа на заедницата на учениците
XXXVI. Програма за училишен хор
XXXVII. Програма за училишен оркестар
XXXVIII- XCII. Програми за слободни ученички активности
XCIII. Програма за превенција од насилно однесување
XCIV. Програми за заштита и спасување при елементарни непогоди
XCV. Програма за професионална ориентација на учениците
XCVI. Правила за грижа за здравјето
XCVII.Програма за вклучување на родителите
XCVIII. План за професионален развој
XCIX. Програма за јавна и културна дејност на Училиштето
C. Програма за подобрување на односи меѓу сите структури
CI. Правила на однесување во Училиштето-куќен ред
CII. Кодекс за однесување на наставници
CIII. Кодекс за однесување на родители
CIV.Кодекс за однесување на ученици
CV. Кодекс за однесување со ИКТ
CVI. Етички кодекс за оценување на учениците

## *I. Годишна програма за работа на директорот*

Во согласност со Законот за основно образование, и сите други закони и правилници поврзани со работата на основните училишта како и според задачите предвидени со Наставниот план и програма изработена е Програмата за работа на директорот во учебната 2019/20 година.

Програмата утврдува реализација на задачи од следниве подрачја:

- планирање и програмирање на воспитно- образовната работа;
- организација на работата во училиштето;
- советодавна – консултативна работа со наставниците и стручните служби;
- аналитичко – истражувачка работа;
- проверка и анализа на педагошка – евиденција и документација;
- стручно усовршување на наставниците и стручните соработници;

Реализацијата на програмата за работа на директорот се базира на следните подрачја:

- финансиското раководење,
- застапување на училиштето,
- учество во изготвување извештаи,
- координирање на работата на органите,
- следење и анализа на наставата,
- учество и следење на проритетни цели на училиштето,
- анализа и планирање, работа и соработка со локалната заедница.

Директорот на установата своите ангажирања ќе ги насочува кон целосно основање и реализирање на програмските задачи, а воедно ќе биде организатор и координатор на целокупната дејност на основното образование.

Приоритетна цел за која ќе се залага Директорот ќе биде стручно и ефикасно водење на целокупната работа на Установата од секој аспект.

Глана цел на директорот во основното училиште во поглед на персоналот ќе биде:

- создавање на позитивна работна клима во колективот,
- професионалната етика на наставниците
- стимулативни активности со децата,
- поттикнување на одговорност на кадарот кон одговорно однесување кон работата,
- подобрување на условите за престој на децата во училиштето,
- стимулирање на вработените во изразување на својата креативност,
- давање мотив и поттик за внесување на сопствени идеи кои кога ке ги соединат сопствените идеи да се вроди една заедничка идеа која ќе биде најдобра и најуспешна
- Тимското работење во колективот претставува клуч за успешно работење на секоја установа

Основен сегмент за успешно остварување на дејноста е пред се градењето на партнерски однос и релации помеѓу семејствата на децата,

- локалната самоуправа,
- Министерството за образование,
- Бирото за развој на образованието,
- основните училишта на ниво на општина, држава и пошироко,
- предучилишните установи ,
- партнерство со стручни институции и др. е главнот сегмент за успешно остварување на дејноста.

Планирањето е најважната функција во раководењето. Процесот на планирање им е потребен за да можат постојано да ги преиспитуваат и постојано одново да ги вреднуваат своите активности, и да се принудат себе си во пронаоѓањето на нови и подобри патишта за обавување на својата дејност. Вклучува избор на цели и активности за нивно остварување, не води до одредено место во иднината на кое сакаме да стигнеме, и безусловно подразбира иновативен дух на менаџерот.

Директорот на училиштето во склад со законските прописи и Статутот на училиштето, обавува раководна функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на наставната и целокупното работење на училиштето.

Програмата за работа на Директорот пртставува интегрален дел од Програма за работа на училиштето и директорот ќе се насочи кон нејзина квалитетна реализација.

Оперативните задачи во Програмата за работата на директорот на училиштето ги опфаќаат активностите:

- **раководење и управување** (планирање и програмирање, координација, упатство и контролирање, извештаи, анализи и вреднувања, информирање, претставување),

- **раководење на кадарот** (надзор и контрола, поттикнување, вреднување и оценување, одржување ред и дисциплина, помош во надминување на проблемите, разрешување на конфликти),
- **сопствен развој** (учење и усовршување, креативност во работата, менаџмент на криза),
- **обработка на информации** (процена,вреднување, анализа и оценување, истражување, проверка и изведување заклучоци),
- **комуникација** (соработка со локална средина, комуникации во колективот, административни дописи, информирање за работата и постигнувањата и презентации)

**Подрачје на работа: АДМИНИСТРАТИВНО - ОРГАНИЗАЦИСКА РАБОТА**

| Задачи | Активности | Цели | Соработници | Форма на работа | Ефекти | Време на работа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Создавање услови за работа во училиштето** | - Технички подготовки на училишните објекти за почеток на учебната година<br><br>- Снабденост со мебел,опрема и наставни средства<br><br>- Кадровски прашања<br><br>- Подготовки за прием на ученици на прв училишен ден во централното и подрачното училиште<br><br>- Создавање оптимални просторни и технички услови за престој и работа во централно и подрачно училиште | - Создавање просторни и технички услови за успешен почеток на учебната година<br><br>- Успешен прием на првачињата на прв училишен ден<br><br>- Модернизи рање на просторот и опремата | Технички кадар<br>Хаусмајстор<br><br>Секретар<br>Домакин<br><br>Пом.директор<br><br>Стручна служба<br>Пом. директор<br>Наставници<br><br>Пом. директор<br>Домакин<br>Технички кадар | Разговори<br>Консулатции<br>Набавки<br>Решенија<br><br>Тимска работа<br><br>Разговори<br>Консулатции<br>Набавки | Подготвени училишни објекти за успеш ен почеток на новата учебна година<br><br>Промоција на работата на училиштето<br><br>Подобрување на условите за работа | VIII, IX.<br><br>VIII.<br><br>Цела учебна година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Организација на воспитно образовна работа** | - Формирање одделенија и паралелки<br><br>- Распределба на часови и Задолженија<br><br>- Утврдување на бројна сосотојба на ученици<br><br>- Изработка и усвојување на Годишна програма за работа на Училиштето<br><br>- Собирање на сите програми и планирања однаставници<br><br>- Изготвување на распоред на часови<br><br>- Распределба на задачи и задолженија за Тимови и поединци, изработка на нормативни акти | Организација на воспитно образовната работа<br><br>Запазување на законитоста во работењето на училиштето<br><br>Организација на воспитно образовната работа | Психолог Наставници<br><br>Пом. директор Наставници<br><br>Психолог Наставници<br><br>Пом. Директор Наставници Психолог Стручни активи<br><br>Стручна служба Пом. Директор Стручни активи | Соопштенија Договори Консултации Анализи<br><br>Договори Анализи<br><br>Тимска работа<br><br>Соопштенија Договори Консултации | Успешна подготовка и организација на целокупното работење на училиштето<br><br>Ефиксна работа на училиштето | VIII<br><br>Цела учебна година |
| **Материјално финансиско работење на училиштето** | Организација на пописи, пресметки, изработка на завршна сметка, реализација на финансов план | Запазување на законитоста во работењето на училиштето | Секретар Училишен одбор Пом. директор Наставници Сметководител | Пописи Пресметки Договори Соопштенија | Успешно финансиско работење на училиштето | Цела учебна година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **Набавка на основни средства за работа** | Набавка на наставни средства,<br>материјали за работа,<br>средства за одржување на хигиената, опрема, мебел и др | Осовременува ње на условите за работа | Пом. Директор<br>Домакин<br>Технички кадар | Анализи<br>Набавки<br>Распределба за користење | Создавање поволни технички услови за работа, запазување на стандардите | Цела учебна година |
| **Соработка со стручни органи и служби, БРО, ДПИ, ДИЦ, МОН, родители институции** | Материјално - финансиски прашања<br><br>Кадровски прашања<br><br>Стручно усовршување<br><br>Воспитно - образовна работа | Осовременува ње на воспитно образовната работа | Одговорни лица | Консултаци<br>и<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Обуки<br>Решенија<br>Напатствија | Ефикасност во воспитно образовната работа | Цела учебна година |
| **Соработка со локалната средина** | Соработка со Општина Куманово<br>Градоначалник, одговорни лица, советници, служби и сектори,<br>Општински просветен инспектор<br><br>Соработка со урбаните заедници<br><br>Соработка со училиштата и | Унапредување на работата на училиштето<br><br>Промоција за работата на училиштето во општината | Одговорни лица<br>Пом. Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Консултации<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Седници<br>Работни акции | Осовременување на условите за реализиција на воспитно образовната работа<br><br>Афирмација на училиштето | Цела учебна година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | градинката во Општината<br><br>Соработка со организации, установи и фирми во Општината | | | | | |
| **Увид и контрола на работата на технички и администрати-вен кадар** | Увиди и контрола на уреденост на училишни објекти<br><br>Увиди и контрола на хигиената на училишни објекти<br><br>Контрола на безбедноста на објектите и опремата | Обезбедување оптимални услови за работа во централното и подрачното училиште | Технички кадар<br>Домакин<br><br>Технички кадар<br>Пом. Директор<br><br>Технички кадар<br>Чуварска служба | Договори<br>Увиди<br>Косултации<br>Работни акции<br>Одлуки<br>Соопштенија | Создавање добри технички, санитарни, безбедни услови за работа | Цела учебна година |
| **Евиденција и документација** | Подготовки за седници<br><br>Контрола на педагошка евиденција и документација<br><br>Изработка и донесување на нормативни акти, соптенија,<br>кодекси, одлуки | Запазување на законитоста во работењето на училиштето<br><br>Унапредување на работењето на училиштето | Пом. Директор<br>Секретар<br>Наставници<br>Психолог<br>Училишен одбор<br>Совет на родители<br>Стручни активи | Договори<br>Увиди<br>Соопштенија<br>Седници<br>Тимска работа | Осовременување на воспитно образовната работа.<br>Ефиксаност во работењето | Цела учебна година |

**Подрачје на работа: РАКОВОДЕЊЕ И ПЕДАГОШКО - ИНСТРУКТИВНА РАБОТА**

| Задачи | Активности | Цели | Соработници | Форма на работа | Ефекти | Време на работа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Концепирање и програми рање** | Концепирање на програмата согласно препораки од БРО и МОН, контрола на изготвувањето<br><br>Изработка на Програма за работа на Директор<br><br>Изработка на Годишна програ<br>ма за работа на Наставничкиот совет<br><br>Изработка на Годишна Програма за работа на Одделенските совети<br><br>Изработка на календар за работа на училиштето<br><br>Изготвување Програма за следење, вреднување и унапредување на воспитно - образовната работа<br><br>Изработка на распоред за дежурства на наставниците | Планирање и програмирање на целокупното работење на училиштето согласно законските акти. Унапредување на воспитно образовната работа на училиштето. | Помошник директор Стручна служба Секретар Наставници Училишен одбор Наставнички совет Стручни активи Ученички заедници Совет на родители Одделенски сове | Консултации Состаноци Седници Анализи Разговори Пресметки Анкети Решенија Соопштенија | Успешен почеток и тек на учебната година. Подигање на нивото на организациска поставеност на училиштето. Ефикасност во работењето. Осовременување на целокупното работење на училиштето. | VII, VIII, IX. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изготвување Програма за стручно и педагошко усовршување на воспитно - образовен кадар<br><br>Анализа и вреднување на програмите на наставниците<br><br>Изготвување Финансов план<br><br>Соработка со Училишен одбор, стручни органи, Стручни активи, Ученичка заедница | | | | | |
| **Следење на организација и реализација на воспитно образовната работа** | Увиди во подготовка и реализација на наставен час<br><br>Следење на примена на наставни форми и методи по посебен акцент на активна настата<br><br>Контрола на користење на ИКТ<br><br>Следење на работата на стручните органи и стручните активи<br><br>Советодавна иконсулатативна работа | Следење и унапредување на воспитно - образованата работа на училиштето. Следење на реализација на приоритетите на училиштето | Помошник директор Стручна служба Стручни активи Наставници Училишен одбор Наставнички совет Одделенски совет Инклузивен тим | Консултации Посета на час Состаноци Седници Ана лизи Разговори Соопштенија | Осовременување на Воспитно - образовната работа. Реализација на Годишна програма. Примена на критериумите за оценување на знаењата на учениците. Реализација на приоритетите на училиштето | Цела учебна година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Разрешување на проблеми<br><br>Подготовки и реализација на екстерно тестирање на учениците<br><br>Следење на оценувањето | | | | | |
| **Стручно и предагошко усовршува ње на вработените** | Изготвување на програма за професионален развој на вработените<br><br>Советодавна работа и следење на напредокот на приправниците<br><br>Соработка со научни и стручни установи на полето на стручно усовршување на вработените<br><br>Организација на едукации, семинари, советувања, работилници, дискусии, дебати<br><br>Снабдување на библиотеката со стручна литература за наставници и литературни изданија за ученици<br><br>Презентација на новини во психологија, менаџмент, | Професионален развој на вработените. Осовременување на наставата. Подобрување на постигањата на учениците | Помошник директор Стручна служба Стручни активи Наставници Стручни лица Родители Совет на родители Наставнички совет Одделенски совет Инклузивен тим | Консултации Разговори Анализи Евалуации Состаноци Седници Анкети Статистички анализи | Стручно усовршување на наставниот кадар и останати вработени. Унапредување на наставата. Подобрување на училишниот успех | Цела учебна година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | педагогија, методика и дидактика<br><br>Соработка со родителите<br><br>Следење на напредокот на Учениците<br><br>Анализа на напредокот на учениците | | | | | |
| **Соработка со наставен кадар и стручна служба** | Распоредување работни задачи<br><br>Планирања и подготовки на воспитно -образовната работа<br><br>Анализа на постигнатирезултати | Раководење и организација на целокупната работа | Помошник директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Разговори<br>Консултации<br>Советувања<br>Соопштенија | фикасност во работењето | Цела учебна година |
| **Аналитичко студиска работа** | Анализа на програмите<br><br>Изготвување извештаи, стручни и статистички анализи, евалуации, утврдување насоки и мерки<br><br>Анализа на успех, поведение и изостаноци на учениците и утврдување мерки за надминување на проблемите<br><br>Подготовки на стручни | Унапредување на воспитно образовната работа на училиштето | Помошник директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Стручни активи | Седници<br>Разговори<br>Консултации<br>Советувања<br>Соопштенија<br>Статистички анализи<br>Дескриптивна статистика | Осовремениување на воспитно образовната работа.<br>Кариерен развој | Цела учебна година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | материјали и предавања | | | | | |
| **Соработка со стручните активи и стручните органи** | Планирање, програмирање, организација и раководење со Наставнички совет<br><br>Увиди во работата, следење на реализација на програмите за работа и учество во работата на Одделенски совет, стручни активи, стручна служба, одделенски раководители<br><br>Раководење со седниците на Одделенски и наставнички совет и имплементација на донесените одлуки и решенија<br><br>Соработка со стручните активи и стручните органи за подобрување на училишниот успех и унапредување на воспитно -образовната работа | Раководење и организација на работењето на училиштето. | Помошник директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Стручни активи<br>Наставнички совет | Увиди<br>Состаноци<br>Седници<br>Консултации<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Советувања | Ефикасна реализација на Годишната програма за работа на училиштето.<br>Позитивна училишна клима и култура | Цела учебна година |
| **Соработка со родителите и со Совет на родител** | Соработка со родителите и нивно вклучување во реализација на Годишната програма на училиштето | Вклучување на родителите во целокупната работа на училиштето | Родители<br>Совет на родители<br>Психолог<br>Помошник | Разговори<br>Состаноци<br>Родителски средби<br>Седници | Редовно и навремено информирани родители.<br>Учество на | Цела учебна година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вклучување на родителите во изработка на анализи и извештаи<br><br>Реализација на Програма за советување на родители<br><br>Планирање, организација и учество во реализација на Родителски средби, нивни анализи<br><br>Индивидуални средби со родители и советување на родители за надминување на утврдени проблеми со нивните деца<br><br>Информирање на родителите за работата на училиштето, постигнувањата и сите прашања од дејноста на училиштето<br><br>Конституирање на Совет на родители, запознавање на родителите со Куќен ред,закони, правила, нормативни акти<br><br>Соработка со Совет на родители | | директор<br>Одделенски раководители<br>Наставници | Консулатции<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Кодекси на однесување | родителите во целокупната работа на училиштето.<br>Учество на родителите во донесување важни одлуки и креирање на училишната клима и култура | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Соработка со Училишен одбор** | Подготвување седници на Училишен одбор<br><br>Присуство на седници и помош во работата на Училишниот одбор<br><br>Подготвување извештаи, стручни материјали, текстови и анализи за потребите на Училишен одбор | Ефикасно функционирање на Училишниот одбор | Училишен одбор<br>Пом. Директор<br>Секретар<br>Наставници<br>Совет на родители | Разговори<br>Состаноци<br>Родителски средби<br>Седници<br>Консулатции<br>Одлуки<br>Соопштенија | Унапредување на работата на Училишниот одбор.<br>Законско работење на училиштето.<br>Ефикасно работење на училиштето | Цела учебна година |
| **Соработка со учениците и нивните организации** | Запознавање на учениците со работата на организациите, помош во конституирање на организации<br><br>Помош во планирање, програмирање и реализација на работата на ученичките организации<br><br>Учество на состаноци на ученичките организации<br><br>Следење на работата на ученичките организации<br><br>Коордниниција на активностите со ученици со слаб успех, голем број изостаноци, девијантно поведение | Ефикасно функционирање на ученичките организации.<br>Вклучување на учениците во донесување одлуки и планирање на работата на училиштето.<br>Подобрување на постигањата на учениците | Ученици<br>Психолог<br>Пом. Директор<br>Одговорни наставници<br>Ученички заедници од централното и подралното училиште<br>Претставници од други училишта (партнер училиште, збратимено училиште)<br>Претставници од Општина Куманово | Индивидуални и групни средби<br>Разговори<br>Спортски и културни настани<br>Одлуки<br>Заклучоци<br>Пофалби и награди | Унапредување на работата на ученичките организации.<br>Успешна промоција на работата на училиштето и постигнувањата на учениците.во општината, републиката и надвор од неа<br>Подобрување на училишната клима. | Цела учебна година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Помош во организација и реализација на културно забавен и спортски живот на учениците<br><br>Организација на натпревари, организација на учество на ученици на конкурси, сморти,<br>изложби, труниri и други настани<br><br>Организација на соработка со ученици од други училишта<br><br>Организација на собирни акции, хуманиратни прилози, хепенинзи | | | | | |

**1 Инфраструктурно поле на делување**

Ова поле ми е особено важно и можеби тука полагам најголемо внимание и оска на делување. Сметам дека иако во училишптето во последните години се направија многу инфраструктурни зафати дека сеуште има долгорочно и стратешки да се планира како ќе се делува и кои точки на акција ќе се преземаат.

1. Во централното училиште, од особена приоритетна важност најитно, е барање решение за целосна реконструкција на кров со цел замена на азбестни табли од покривот и хидроизолација.
2. Отварање на Центар за ран детски развој во ПУ с. Добрашане.
3. Во подрачно училиште с. Добрашане, приклучување на инфраструктурата во селото- одводниот канал, со што ќе се реши чистењето на септичката јама а пред се хигиено – здравствената состојба на учениците и населбата.
4. Во с. Орашец, замена на столарија и санирање на дел од оштетена фасада.
5. Реконструкција на кров во ПУ. С Биљановце.

Барање и обезбедување на средства преку аплицирање во разни проекти и програми, грантови и помош и поддршка од Локалната самоуправа на Општина Куманово.

**2. Активно работење со медиуми**

Промоцијата на сите тековни активности на училиштето, разните успеси, постигнати места, резултати, заслуги, благодарности, награди, треба да бидат и ќе бидат одбележани со медиумска покриеност, визуелно и аудитивно, преку веб страна на Училиштето, facebook профил, fan page страна на училиштето и печатени весници.

Се што ќе се работи во училиштето, секоја соработка ќе биде медиумски покриена и сето тоа останува во архивата на училиштето.

Со тоа се промовира квалитетот и се привлекуваат нови ученици и се обезбедува јавност и транспарентност.

Планираните содржини од сите полиња на делување ќе се одвиваат на следниот начин и поседната динамика:

**1.Септември 2019**

• Прием на првачиња и сите ученици во училиштето за успешен почеток на новата учебна година 2019/2020 год.

• Учество во изготвување на сите видови распореди, планови и програми за работа на училиштето

• Увид и анализа на годишните планирања и програмирања на наставниот кадар

• Обезбедување на неопходните нагледни средства

• Индивидуални, стручно – педагошки разговори со новодојдените наставници и други вработени

• Организирање на еднодневен излет за учениците од 1 - 9 одделение

• Подготовка и одржување на седница на наставнички совет на училиштето

• Учество во планирањето на работата на стручните активи и одделенските совети

• Анализирање и организирање на сите тековни проекти што ќе се реализираат во училиштето

• Учество во работата на одделенските совети за планирање, организирање и реал
изирање на интегрирани наставни содржини - теми

- Подготовки за реализирање на активнсти на хорот на наставници „Рацин''

• Формирање на Совет на родители на паралелките

• Тековни септемвриски активности – посета на сите подрачни училишта

**2. Октомври 2019**

• Изработка на оперативна програма за посета на часови кај наставниците

• Посета на часови според претходно изготвената Оперативна програма заедно со стручната служба - психолог и педагог

• Подготовка и учество во организацијата на првооделенците во Заедницата на учениците на училиштето и Подмладокот на црвениот Крст

• Подготовки и реализирање на активности по повод Детска недела

•Увид и укажување за пропустите во евиденцијата на одделенските и главните книги - континуирана активност

• Учество во подготовките за и одбележување на 11 ти Октомври и 23 ти Октомври

• Организација за уредување на веб страната на училиштето (континуирана активност)

• Контакти со основно училиште во Самобор, Р.Храватска

**3. Ноември 2019**

• Увид во изготвувањето на неделните и дневните подготовки на наставниците (континуирана активност)

• Одржување на одделенски совети по првото тримесечие

• Подготовки и издавање на училишниот весник „Бели мугри“

• Подготовка за одржување на родителски средби

• Увид во оценувањето на учениците и укажување на пропустите кај предметните и одделенските наставници

• Подготовка и одржување на наставнички совет

**4. Декември 2019**

• Увид во оценувањето на учениците и укажување на пропустите кај предметните и одделенските наставници

• Посета на часови според претходно изготвената Оперативна програма

• Подготовки и организирање на новогодишни приредби

• Прегледување на педагошката документација и електронските дневници (континуирано)

**5. Јануари 2020**

• Подготовка и одржување на одделенски совети по првото полугодие

• Подготовка на тези за изготвување на Полугодишен извештај за работата на училиштето

• Одржување на наставнички совет - презентација на извештајот за успехот по првото полугодие

• Одржување на состаноци со советот на родители

• Реализација на прифатените проекти на училиштето, презентација на истите

• Соработка и остварување на контакти со служби и институции надвор од училиштето

• Следење на финансиската состојба во училиштето - изготвување и разгледување на финансискиот план и годишната пресметка за работата на училиштето

6**. Февруари 2020**

• Подготовка за одржување на родителски средби

• Разгледување на Полугодишниот извештај за работата на училиштето на училиштен Одбор

• Посета на часови според претходно изготвената Оперативна

• Давање поддршка при креирањето на групни и индивидуални маски по повод верскиот празник Прочка

• Давање подршка при реализирање на предвидени проекти од страна на одделенските и предметните наставници

**7. Март 2020**

• Согледување на резултатите од проектите што се реализираат во училиштето – континуирана активност

• Организирање на акции за чистење и уредување на училиштата и училишните дворови

- Договор за одбележување на Патронот на Училиштето
- Реализирање на истражувањето Професионлната етика на наставникот

• Организирање и подготвување на подароци по повод денот на жената ,,Зафир Сајто’’

• Одбележување на Денот на пролетта 21 Март со низа активности

• Учество во акцијата ,,Засади дрво - засади ја својата иднина‘‘

**8.Април 2020**

• Организирање на првоаприлски маскембал по повод денот на шегата

• Подготовка и одржување на одделенски совети по третото тримесечие од учебната 2018/2019 год.

• Организација за одржување на родителски средби

• Подготовка и одржување на училиштни натпревари по предмети

• Организирање на Велигденски панаѓур

• Посета на часови според претходно изготвен распоред (јавни часови)

**9. Мај 2019**

• Увид во оценувањето на учениците преку следење на одделенските книги и укажување на пропустите кај предметните и одделенските наставници

- Подгоровки за одбележување на патрониот празник

• Активности во соработка со стручните соработници од областа на професионалното информирање и советување на учениците од 9 одделение

• Превземање на активности за успешна презентација на училиштето преку Годишната програма во рамките на слободните ученички активности

• Учество во подготовката и реализацијата на екскуртзиите како и полуматурската вечер за учениците од 9 одделение

• Изведување на еднодневната рекреативна екскурзија

• Давање помош и поддршка при одбележување на денот на македонските Просветители св.Кирил и Методиј

- Свечено одбележување на јубилејниот 75 годишен патронат на Училиштето

**Јуни 2020**

• Подготовка и одржување на одделенски совети за учениците од 1 - во до 9 - то одделение на крајот од учебната година

• Анализа на реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето со дефинирање на приоритетни задачи што треба да се реализираат во новата учебна година

- Изработка на Годишна програма за работа н аУчилиштето во учеената 2020/2021 година

• Изготвување на Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2019/2020 година

• Организирање на дополнителна настава со учениците со негативни оценки на крајот од учебната година

• Организација на Одделенски совети по изведената дополнителна настава(анализа на постигнатите резултати)

• Консултации со стручните соработници за текот на уписот на учениците во 1-во одделение и формирањето на паралелките во 1-во и сите други останати одделенија.

•Првични предлози за распоред на наставниците по одделенија

**11. Август 2020**

• Договор по Годишната програма на Учииштето -

• Состаноци со УО, Совет на родители, наставничи Совет стручна служба

• Учество во изготвувањето на распоредот на часовите на учебната 2020/2021 година

• Индивидуални и колективни разговори со наставниците во врска со планирањето и програмирањето на добиените задолженија

• Помош при конституирањето на стручните активи

• Распределба на наставниците по предмети, часови, одделенски раководства, слободни активности, додатна, факултативна, изборна настава за учебната 2020/2021 година

• Учество во координирањето и осмислувањето на интерните и екстерните форми за стручно усовршување на наставниот кадар

• Создавање на услови и учество во реализацијата на работилници на Стручните активи.

• Подготовка на првиот ден од новата учебна година за учениците и организирање на Свечен прием на учениците од 1-во одделение

**Директор: Лидија Пешевска**

## *II. Програма за работа на помошник директор*

Помошник директорот своите работни задачи ги реализира во континуирана соработка со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците, административно-техничкиот персонал, учениците, родителите, локалната самоуправа.

Работата на помошник директорот на училиштето ги вклучува следните активности:

- **Планирање, организирање и следење на воспитно образованата работа во училиштето** преку учество во изработка на Годишна програма за работа на училиштето, Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето, изготвување на Годишна програма за работа на помошник директор како и извештаи за својата работа.
- **Следење и унапредување на реализацијата на наставата и вонаставните активности во училиштето** преку следење на работата на наставниците со посета на часови, увид во годишните, тематските и дневните планирања на наставниците, следење на примената на стандардите за оценување на учениците и увиди во начините на проверка на нивните постигања, следење на реализацијата на дополнителната и додатната настава, следење на работата на ученичките секции и сл.
- **Увид во педагошката евиденција и документација.**
- **Следење на работата на стручните активи, ученичката организација и ученичките клубови,** со цел осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците.
- **Организација, подготовка и спроведување на електронското екстерно проверување на постигањата на учениците.**
- **Следење на професионалниот развој на вработените.**
- **Организирање на обуки за стручно усовршување на вработените.**
- **Учество во изготвување на анализи на успехот, редовноста и поведението на учениците** за потребите на Локалната самоуправа, БРО, МОН и други институции.
- **Соработка со родителите** за нивно поактивно вклучување во животот на училиштето.
- **Соработка со другите училишта од општината и републиката** со цел унапредување на наставата и вонаставните активности.
- **Учество во подготовка и реализација на натпревари, квизови, манифестации.**
- **Учество во изготвување, координација и следење на проекти кои се реализираат во училиштето.**

| Планирана активност | Време на реализација | Носители и соработници | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|
| Изработка на Годишна програма за работа на училиштето | VIII | Директор, стручна служба, пом. директор, наставници | Подигање на нивото на организационата поставеност на училиштето, поголема ефикасност во работењето, унапредување на воспитно образовната работа, зголемени професионални компетенции на воспитно образовниот кадар. |
| Изработка на Годишна програма за работа на помошник директор | | | |
| Изработка на Годишна програма за работа на Наставничкиот совет | | | |
| Изготвување Програма за следење, вреднување и унапредување на воспитно образованта работа | | | |
| Изготвување Програма за стручно и педагошко усовршување на воспитно образовниот кадар | | | |
| Организациски подготовки за успешен почеток на новата учебна година | | | |
| Сервисирање на компјутерската мрежа во училиштето | | пом. директор, наставници, ученици од училишните тимови за техничка поддршка (УТТП) | Подобрена функционалност на ИКТ опремата во училиштето |
| Подготовка на училишна приредба по повод почетокот на новата учебна година | VIII, IX | наставници, стручна служба, директор, пом. директор | Подобрена училишна клима |
| Изготвување на распоред за дежурство | IX | пом. директор, директор, стручна | Зголемена безбедност во училиштето, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на наставниците | | служба | подобрено поведение на учениците |
| Изготвување на распоред за дополнителна и додатна настава во учебната 2015-16 год. | IX | пом. директор, директор, стручна служба | Поефикасна реализација на дополнителната и додатната настава во училиштето |
| Подготовка и реализација на активности по повод Детска недела | септември и првата недела од октомври | наставници, стручна служба, директор, пом. директор | Зајакнување на свеста за правата на децата и човековите вредности |
| Подготовка и одржување на Наставнички совет за првиот класификационен период од учебната 2015-16 година | IX | директор, стручна служба, пом. директор, наставници | Поголема ефикасност во работењето. Согледување на состојбата со успехот, редовноста и поведението на учениците во првиот класификационен период, детектирање на јаките и слабите страни во работата на Училиштето во овој класификационен период и градење стратегија за подобрување на воспитно образовниот процес. |
| Учество во изготвување на анализа за успехот, редовноста и поведението на учениците во првиот класификационен период од учебната 2015-16 година. | IX | стручна служба, пом. директор, директор | Подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците, подобрување на квалитетот на наставата. |
| Организација на одбележување на патрониот празник на училиштето. | IX | директор, стручна служба, пом. директор, наставници | Промоција на работата на Училиштето и постигањата на учениците. Соработка со партнерското училиште од ПМИО |
| Организирање на новогодишна приредба и Новогодишен базар. | XII | директор, стручна служба, пом. директор, наставници | Подобрување на климата во училиштето. Поттикнување на креативноста кај учениците. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка и одржување на Наставнички совет за првото полугодие од учебната 2015-16 година. | I | директор, стручна служба, пом. директор, наставници | Согледување на состојбата со успехот, редовноста и поведението на учениците во првиото полугодие. Детектирање на јаките и слабите страни во работата на Училиштето во првото полугодие и градење стратегија за подобрување на воспитно образовниот процес. |
| Учество во изготвување на Полугодишен извештај на работата на училиштето | | | |
| Учество во организација за одбележување на Денот на пролетта | III | директор, стручна служба, пом. директор, наставници | Зголемена еколошка свест кај учениците |
| Подготовка и одржување на Наставнички совет за третиот класификационен период од учебната 2015-16 година. | IV | | Согледување на состојбата со успехот, редовноста и поведението на учениците во третиот класификационен период. |
| Учество во организација на Велигденски панаѓур | IV | директор, стручна служба, пом. директор, наставници | Негување на традицијата и семејните вредности. Поттикнување на креативноста кај учениците. |
| Сервисирање на ИКТ опремата во училиштето, инсталација на софтверските надоградби за клиентските и серверската машина пред претстојното електронско екстерно проверување на постигањата на учениците во учебната 2015-16 година. | V | пом. директор, ученици, наставници | Успешно спроведување на екстерното тестирање. |
| Спроведување на електронското екстерно тестирање | VI | директор, стручна служба, пом. директор, наставници | |
| Подготовка и одржување на | VI | | Подобрување на работата на училиштето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наставнички совет за крајот од учебната година. | | | |
| Учество во изготвување на Годишен извештај на работата на училиштето. | | | |
| Анализа на реализацијата на Годишната програма за работата на училиштето и дефинирање на приоритетни задачи за наредната учебна година. | | | |
| Следење на реализацијата на наставата и воннаставните активности во училиштето | континуирано во текот на целата учебна година | директор, стручна служба, пом. директор | Подобрување на наставата и воннаставните активности. |
| Следење на професионалниот развој на вработените | континуирано во текот на целата учебна година | директор, стручна служба, пом. директор | Усогласување на организациските цели во поглед на професионалниот развој со потребите на вработените, зголемување на професионалните компетенции на вработените. |
| Соработка со родителите | континуирано во текот на целата учебна година | директор, стручна служба, пом. директор, наставници | активно вклучување на родителите во животот на училиштето |
| Соработка со локалната самоуправа, БРО, МОН. | континуирано во текот на целата учебна година | директор, стручна служба, пом. директор, наставници. | унапредување и осовременување на воспитно образовната работа. |

**Помошник директор: Горан Арсовски**

## *III. Годишна програма за работа на психолог*

| **1.Планирање и програмирање** | време на реализација |
|---|---|
| 1.1.Планирање и подготовка на работата на психологот<br><br>-Изготвување на сопствена Годишна програма за работа;<br>-Изготвување на месечна програма за работа;<br>-Изготвување на Годишен извештај за работа на психологот; | <br><br>VIII<br>континуирано<br>VI |
| 1.2.Изготвување на планирање и програми на ниво на училиштето<br><br>-Учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето;<br>-Учество во изготвување на прилози кон Годишната програма за работа на училиштето;<br>-Учество во изготвување на Годишниот извештај за работа на училиштето; | VIII<br>VIII<br><br>VIII<br><br>по потреба<br>VI |
| **2.Работа со ученици** | |

| | |
|---|---|
| 2.1.Советодавна работа со ученици<br><br>-Примена на психолошки инструменти за работа со ученици;<br>-Индивидуално и групно советување со ученици кои имаат<br>лични, училишни и семејни проблеми;<br>-Подготовка и реализација на различни работилници<br>(креативни, психолошки, за градење на група, соработка и сл.) | <br><br>континуирано<br>континуирано<br><br>по потреба |
| 2.2.Работа со ученици со посебни образовни потреби<br><br>-Идентификација и евиденција на ученици со посебни образовни потреби<br>(деца со интелектуални, емоционални, социјални, развојни, здравствени проблеми,<br>проблеми со учење и др.) преку:<br>опсервација, разговори,<br>-Поддршка и помош на наставниците при изготвување на ИОП<br>(индивидуален образовен план) за работа со овие ученици;<br>-Следење на напредокот на децата со ПОП (увид во работата на наставникот<br>преку ИОП на полугодие и на крајот од учебната година);<br>на полугодие и на крајот од учебната година)<br>-Учество во работата на инклузивниот тим во училиштето; | <br><br>од X и континуирано<br><br><br><br>XI<br><br>I и VI<br><br><br>континуирано |

| | |
|---|---|
| 2.3.Работа со талентирани ученици<br><br>-Идентификација и евиденција на талентирани ученици преку:<br>опсервација на работата на учениците, разговори, психолошки инструменти и техники, прашалници за наставници и сл.;<br>-Користење на тестови за проверка на видот на талентот на учениците ;<br>Поддршка и помош на наставниците во избор на форми и методи за работа со овие ученици;<br>-Следење на талентираните ученици и нивниот напредок;<br>Соработка со други, соодветни и релевантни институции од Републиката кои поттикнуваат и им помагаат на овие ученици. | <br><br>XI<br><br><br>XI и XII<br><br>континуирано<br>континуирано<br>континуирано |
| 2.4.Работа со ученици со потешкотии во учењето<br><br>-Идентификација и евиденција на ученици со потешкотии во учењето (деца од дисфункционални семејства, деца со погрешни техники на учење, со недоволно добра организација на време и простор, низок образовен и социјален статус на родителите, недоволна мотивација);<br><br>-Поддршка и помош на наставниците и родителите за работа со овие деца; континуирано<br>-Следење на успехот во учењето на децата со потешкотии; | од X и континуирано<br><br><br><br><br><br><br>континуирано<br><br>I и VI |

| | |
|---|---|
| 2.5.Запишување на учениците и формирање на паралелки<br><br>-Изготвување на евиденција на обврзници за прво одделение врз основа на список добиен од МВР;<br><br>-Известување на родителите на децата обврзници за упис во прво одделение (со покани) ;<br>Изготвување на прашалник за проверка на децата;<br>Разговор со родителите и децата за упис во прво одделение и пополнување на матичен лист;<br>Упис на децата во прво одделение;<br>Формирање на паралелки за прво и шесто одделение;<br>-Распоредување по одделенија на новодојдени, неоценети и ученици кои го повторуваат одделението; | <br><br>IV<br><br><br>IV<br>IV<br><br>V<br>V<br>VIII<br>VIII |
| 2.6.Следење на успехот и напредокот на учениците<br><br>-Изготвување на анализи и извештаи за секој класификационен период;<br>-Изготвување на споредбена анализа за успехот на учениците; | <br><br>XI, I, IV, VI<br>по потреба<br>VI |

| | |
|---|---|
| 2.7.Работа на професионална ориентација<br><br>-Изготвување на програма за професионална ориентација<br>-Спроведување и евидентирање на сите активности предвидени со програмата (работилници со учениците од 9-те одд., разговори и дискусии со родителите, пишување на есеи од учениците, запознавање на учениците со мрежата на средни училишта од Републиката, организирање на презентации од средните училишта и сл.). | IX<br>III, IV, V, VI |

**3.Соработка со родителите**

| | |
|---|---|
| 3.1.Педагошко-инструктивна и советодавна работа<br><br>-Советување со родителите за ученици кои имаат 10 оправдани или 100 неоправ. изостаноци, три или повеќе слаби оценки и асоцијално однесување;<br>-Индивидуална и групна соработка со родителите, разговори, едукација на родителите за стилови на родителство, работилници на родит. состаноци, делење на пишани материјали, дискусии за актуелни прашања од област на образованието и воспитанието и др.;<br>-Учество на родителски состаноци. | XI, II, IV, IX<br>континуирано<br><br>по потреба |
| **4.Соработка со наставници**<br><br>4.1.Педагошко-инструктивна и советодавна работа<br><br>-Помош на наставници-почетници во работата (давање на упатства, инструкции, совети и сл.);<br>-Едукација и дисеминација на наставниците на различни теми: откривање на видот на талентираност кај учениците, следење на ученици со емоционални проблеми | континуирано |

| | |
|---|---|
| препознавање на деца -жртви на семејно насилство, помош на деца со ПОП,<br>вештини на комуникација, разрешување на конфликти, јакнење на самодоверба и сл.;<br>-Советодавна работа со наставници (индивидуална и групна );<br>-Следење на работата на наставниците преку:<br>посета на наставни часови, педагошки картони, професионални досиеа, чек- листи и сл.) | по потреба<br><br><br><br>континуирано |
| 4.2.Соработка со стручни органи и тела<br><br>-Пружање на помош и соработка при изготвување на програмите за стручните органи (одделенските совети, стручните активи, училишни тимови);<br>-Реализација на дел од активностите предвидени со програмите (едукативни работилници, дисеминација, размена на мислења, дебати и сл);<br>-Евидентирање на предвидените реализираните активности во соодветни евидентни листи. | <br><br>VIII<br><br>од IX и контину<br><br>континуирано |

| | |
|---|---|
| 4.3.Унапредување на воспитно-образовната работа<br>-Редовно следење и информирање на вработените за законските регулативи, давање на упатства, информации, препораки, задолженија и сл. добиени од МОН, Биро за развој , ДПИ и сл.;<br>-Давање на насоки и препораки на одделенските раководители, ментори, приправници, претседатели на активи и одговорни на секциите во изготвување на соодветни планови и програми и нивна имплементација, како и спроведување на новини во ВОР. | <br>континуирано<br><br><br>континуирано |

| | |
|---|---|
| **5.Аналитичко истражувачка работа**<br>-Анализа за квалитетот на инклузивното вклучување на децата со ПОП; -<br>Изготвување на анализи и извештаи за работата на училиштето; | V, VI<br>континуирано |
| **6.Педагошка евиденција и документација**<br><br>-Водење на евиденции за сопствената работа (дневник за раб. и др.евид. по потреба);<br>-Учество во изготвување и следење на педагошката евиденција и документација (за организација и реализација на одредени активности, за индивидуална и групна работа со ученици, за реализација на заеднички активности со сите релевантни субјекти и сл.);<br>-водење на педагошки картони и професионални досиеја за наставниците. | континуирано<br>по потреба<br><br>континуирано |
| **7.Соработка со локалната заедница**<br><br>-Соработка со институции надвор од училиштето (Центар за социјални работи, МВР, контину. Други основни и средни училишта, Завод за ментално здравје, Медицински центар, Завод за здравствена заштита, БРО, ДПИ, невладини организации и др.)<br>-Евидентирање на активностите од соработка со локалната средина. | континуирано |
| **8.Професионален развој**<br><br>**Подобрување во работа со ранливи групи на ученици/обука**<br>**Оспособување за работа и примена на психолошки мерни инструменти стандардизирани на наша популавција и изготвување на квалитетен психолошки наод и мислење**<br>Посета на сите семинари, советувања и др.вид обуки организирани од<br>континуирано<br>МОН, Биро за развој и др.релевантни институции;<br>Присуство на дисеминации организирани во училиштето;<br>Редовно следење на стручна литература и интернет; | континуирано |

**Психолог: Кети Берјановиќ Доцевска**

## *IV. Годишна програма за работа на педагог*

| Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ БР. 1 ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | |
| **1.1. Планирање и подготовка на работата на педагог** | | |
| 1. Изготвување годишна програма за сопствена работа | август | педагог |
| 2. Изготвување на  месечни планирања за работа на педагог | секој месец во текот на годината | педагог |
| 3. Изготвување полугодишен и годишен извештај за работа на педагог | јануари<br>јуни | педагог |
| **1.2. Изготвување на планирање и програми на ниво на училиштето** | | |
| 1. Учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето; | август | Директор<br>наставници<br>стручна служба |
| 2. Учество во изготвување на поедини програми и документациски прилози за работа на училиштето согласно изготвениот Развоен план на училиштето за 2018/22 год. и Годишната програма за 2019/2020 година | континуирано | Директор<br>наставници<br>стручна служба |
| 3. Учество во изработка на проекти | Во текот на учебната година | Директор<br>наставници<br>стручна служба |
| 4. Изготвување на годишна програма за работа на УЗ | август | педагог |
| 5. Учество во изготвување на Годишниот извештај за работа на училиштето; | август | Директор<br>наставници<br>стручна служба |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ БР. 2 РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | | |
|---|---|---|
| **2.1. Запишување на ученици** | | |
| 1. Учество во изготвување на евиденција за школски обврзници | април | стручна служба |
| 2. Изготвување и испраќање на покани до родители на деца обврзници за упис во прво одделение | април | стручна служба |
| 3. Изготвување на прашалник за проценување на подготвеност на дете за запишување во прво одделение | април | стручна служба |
| 4. Следење и набљудување на деца при упис во прво одделение и правење на анализа на карактеристики на идни првачиња и | мај | стручна служба |
| 5. Учество во формирање на паралелките за прво и шесто одделение | август | стручна служба |
| 6. Запознавање на наставниците од прво одделение со карактеристиките на идните првачиња | август | Директор<br>наставници |
| 7. Давање на мислење за деца родени во јануари наредната година | август | стручна служба |
| 8. Запишување на придојдени ученици и нивно распоредување во паралелки, како и ученици кои го повторувале одделението | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници |
| 9. Водење на евиденција за отпишани ученици | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници |
| **2.2. Советодавна работа со учениците** | | |
| 1. Следење на прилагоденоста на учениците од прво одделение, како и на новодојдени ученици од други училишта | септември | стручна служба<br>наставници |
| 2. Идентификување на педагошки причини кај ученици со намален успех, нередовност во наставата и проблеми во однесување и примена на индивидуално и групно советување за надминување на потешкотиите | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници |
| 3. Индивидуална и групна работа со ученици за подобрување на нивниот психо-социјален и емоционален развој | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Координирање и давање помош и поддршка на учениците во работата на Училишната заедница | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници |

| | | |
|---|---|---|
| 5. Советодавна работа со учениците за насочување во правилно и креативно искористување на нивното слободно време | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници |
| 6. Организирање и спроведување на работилници, дебати, трибини и предавање за подобрување на комуникациските вештини, почитување на различностите, унапредување на здравјето и др. актуелни теми и прашања | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници |
| **2.3. Работа со ученици со пречки во развој, надарени и талентирани, ученици со потешкотии во учењето и ранливи групи на ученици** | | |
| **1.** Идентификација на деца со пречки во развој (прибирање на податоци од наставници, прибирање анамнестички податоци од родителите, набљудување и разговор со учениците со пречки во развој) | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници<br>родители |
| **2.** Идентификација на талентирани и надарени деца (прашалници за наставници, родители и ученици) | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници<br>родители |
| **3.** Давање на поддршка и помош на наставниците во изготвување на индивидуални образовни планови и избор на форми и методи за работа со ученици со посебни образовни потреби | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници |
| **4.** Следење на напредокот на учениците со посебни образовни потреби (непосреден увид на час, извештај од одделенски раководител на полугодие и крај, разговор со родител, разговор со ученикот) | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници |
| 5. Советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби | во текот на учебна година | стручна служба<br>наставници<br>родители |
| **6.** Соработка со релевантни институции | во текот на учебна година | Стручни лица од релевантни |

| | | |
|---|---|---|
| | | институции |
| **2.4. Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и вонnаставните активности** | | |
| Следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети, пол и етничка припадност и изготвување на извештаи и анализи по класификациони периоди на ниво на училиште | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| Водење евиденција за изречените педагошки мерки | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| Следење на освоените места и награди на учениците од учество на училишни, општински, регионални и републички натпревари | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| **2.5. Работа на професионална ориентација на учениците** | | |
| **1.** Разговори со учениците за нивните професионални интереси и желби | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| **2.** Изготвување и спроведување на анкета за утврдување на професионалната ориентираност на учениците од IX одд. | мај | стручна служба<br>наставници |
| 3. Информирање на учениците (и родителите) за мрежата на училишта за средно образование и условите и роковите за упис во истите | мај | стручна служба<br>наставници |
| 4. Давање помош и поддршка на државните и приватните средни училишта од градот и државата при спроведување на презентации на струки и занимања од нивните училишта | мај | стручна служба<br>наставници |
| 5. Давање помош и поддршка на учениците и наставниците при посета на Отворен ден во средните училишта | мај | стручна служба<br>наставници |
| 6. Давање помош и поддршка на учениците и наставниците при посета на фабрики и работни места во Општината | мај | стручна служба<br>наставници |
| 7. Соработка со релевантни институции | континуирано | стручна служба<br>наставници<br>Стручни лица од релевантни |

| | | |
|---|---|---|
| | | институции |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ БР. 3 СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ** | | |
| 1. Индивидуална и/или групна советодавна работа со родителите со цел помош на родителите во препознавање и надминување на тешкотии во учење и проблеми во однесување на децата | континуирано | стручна служба<br>наставници<br>родители |
| 2. Работа на програма за советување на родители | континуирано | стручна служба<br>наставници<br>родители |
| 3. Одржување на работилница на тема која ќе произлезе од актуелните потреби или ќе биде иницирана од Советот на родители | по потреба | стручна служба<br>наставници<br>родители |
| 4. Анкетирање на родители за изборен предмет | мај | стручна служба<br>наставници<br>родители |
| 5. Поддршка за учество на родителите во разни воннаставни активности и проекти кои се реализираат во училиштето и надвор од него | во текот на учебната година | стручна служба<br>наставници<br>родители |
| 6. Присуство на Совет на родители и информирање на родителите за целокупниот воспитно-образовен процес на класификационите периоди | по завршување на секој класификационен период | стручна служба<br>наставници<br>родители |
| 7. Присуство на родителски состаноци | по потреба | одделенски раководители |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ БР. 4 СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ** | | |
| **4.1. Педагошко-инструктивна и советодавна работа** | | |
| 1. Помош и поддршка на наставниците во изготвување на годишните, тематските и дневните подготовки | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| 2. Помош и поддшка на наставници во изготвување на наставни планови за додатна, дополнителна настава, секции, екскурзии, настава во природа | во текот на учебната година | стручна служба<br>наставници |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Консултативни средби во врска со употребата на одредени форми и методи на работа | во текот на учебната година | стручна служба<br>наставници |
| 4. Помош на наставниците при изработка на индивидуализирани тестови на знаење со цел поголема диференцијација во наставата | во текот на учебната година | стручна служба<br>наставници |
| 5. Учество во изготвување на програми за работа со различни категории на ученици (надарени и талентирани, ученици со пречки во развој и ученици со потешкотии) | во текот на учебната година | стручна служба<br>наставници |
| 6. Педагошко-инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| 7. Помош и поддршка на наставници почетници во работата (упатства за работа, начин на изготвување и водење на ПДЕ) | во текот на учебната година | стручна служба<br>наставници |
| 8. Следење на наставата преку посета на часови | во текот на учебната година | стручна служба<br>наставници |
| **4.2.Соработка со стручни органи** | | |
| 1. Давање помош и поддршка во изготвување и спроведување на програмите на стручните активи и стручни органи на училиштето | во текот на учебната година | Директор<br>стручна служба<br>наставници |
| **4.3. Унапредување на воспитно-образовна работа** | | |
| 1. Следење на законска регулатива (упатства, информации, препораки, задолженија и сл. од МОН и БРО) и информирање и инструирање на наставниот кадар | во текот на учебната година | Директор<br>стручна служба<br>наставници<br>релевантни институции |
| 2. Поддршка и помош на наставниците во имплементирање и спроведување на иновации во воспитно образовната работа | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| 3. Организирање интерни обуки, дисеминација и работилници на актуелни теми | во текот на учебната година | Директор<br>стручна служба<br>наставници |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ БР. 5 АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. Изготвување на анализи и извештаи за успехот, редовноста и поведението на учениците по завршување на сите класификациони периоди | По секое тромесечие и полугодие | стручна служба<br>наставници |
| 2. Учество во изготвување полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето | февруари<br>август | Директор<br>стручна служба<br>наставници |
| 3. Изготвување на извештај за сопствената работа | јануари<br>јуни | стручна служба |
| 4. Изготвување на извештаи по спроведени анкети | во текот на учебната година | стручна служба<br>наставници |
| 5. Анализа на посетените часови кај наставниците | во текот на учебната година | стручна служба<br>наставници |
| 6. Испитување на ниво на успоеност и квалитет на ученички знаења по математика и македонски јазик во одделенска настава | во текот на учебната година | стручна служба |
| 7. Анализа и проучување на општи услови за реализација на ВОР | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| 8. Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ БР. 6 ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | |
| 1. Водење на евиденција за сопствената работа | континуирано | стручна служба |
| 2. Водење на евиденција за советодавно-консултативна работа со ученици, родители и наставници | континуирано | стручна служба |
| 3. Изготвување на извештаи од одржани работилници, предавања, трибини и дебати со ученици, наставници, родители, воннаставни активности | континуирано | стручна служба |
| 4. Изготвување на Записници од одржани состаноци на Ученичка заедница | континуирано | стручна служба |
| 5. Поддршка и следење на наставниците во водење на педагошка евиденција и документација | континуирано | стручна служба<br>наставници |

| | | |
|---|---|---|
| 6. Водење на педагошки картон и професионално досие за наставниците | континуиани | стручна служба<br>наставници |
| 7. Обработка на тематски планирања пратени од наставниците како електронска порака на oouкocoracinbiblioteka@gmail, нивно селектирање, складирање во фолдери | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ БР. 7 СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА** | | |
| 1. Соработка со институции надвор од училиштето (Центар за социјални работи, МВР, Завод за ментално здравје, Медицински центар, Завод за здравствена заштита, БРО, ДПИ, невладини организации, Институт по педагогија и др. релевантни институции) и водење на соодветна евиденција | континуирано | стручна служба<br>наставници<br>стручни лица од релевантни институции |
| 2. Соработка со градинките, основните и средните училишта од општината и градот | континуирано | стручна служба<br>наставници<br>стручни лица од релевантни институции |
| 3. Размена на искуства со педагозите од основните и средните училишта од општината и градот | континуирано | стручна служба<br>педагози од други училишта |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ БР. 8 ЛИЧНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ** | | |
| 1. Изготвување на личен план за професионален развој | јуни | стручна служба |
| 2. Следење на стручна литература | континуирано | стручна служба<br>советници<br>просветни инспектори |
| 3. Континуирано стручно усовршување преку посети на семинари, советувања и обуки организирани од МОН, БРО и др. Релевантни институции | континуирано | стручна служба<br>релевантни институции |
| 4. Присуство на дисеминации организирани во училиштето | континуирано | стручна служба<br>наставници |
| 5. Редовно присуство и учество на средби на педагози и психолози од градот | континуирано | стручна служба<br>педагози од други училишта |

**Педагог: Сашка Стаменковска**

## *V. Програма за работа на училишниот психолог во ПУ с.Орашац*

| | **Активности** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| | **I. ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ** | |
| 1.1 | Планирање и подготовка за работа на училишниот психолог | |
| | ○ Изготвување годишна програма за сопствена работа<br>○ Изготвување месечно планирање<br>○ Изготвување оперативни програми за работа со различни категории ученици<br>○ Годишен извештај за работа на училишниот психолог | август-септември<br>континуирано<br>јули |
| 1.2 | Учество во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето | јули |
| | ○ Учество и поддршка во изготвување програмски и документациски прилози | август |
| | **II. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | |
| 2.1 | Советодавна работа со учениците | |
| | ○ изготвување и примена на инструменти за советодавна работа со учениците (евидентни листови, ЛОБИ, инвентари на личност)<br>○ индивидуална и групна работа за упатување на унапредување во учење и постигнување и примена на знаењата за подобрување на ученичкото ментално здравје<br>○ спроведување на индивидуален и групен тренинг на вештини на учење, социјални и комуникациски вештини<br>○ интервенции во работата со учениците<br>○ поддршка во креирање на сигурна и поттикнувачка околина за учење<br>○ поттикнување на уважување на различностите<br>○ подготовка и реализација на психолошки (ментално хигиенски), превентивни и креативни работилници | септември-октомври<br>континуирано<br>по потреба |
| 2.2 | Работа со ученици со посебни образовни потреби, талентирани, ученици со тешкотии во учењето и ранливи групи ученици | |
| | ○ утврдување на состојбата на учениците во поглед на: академска компетенција, интелектуална развиеност, склоност за учење - јаки и слаби страни, емоционален развој и особини на личност, социјални вештини и карактеристики на однесување, образовна околина, училишна клима, посебни потреби, психофизичка подготвеност за тргнување на училиште, социоекономска семејна ситуација<br>○ идентификација на деца со посебни образовни потреби (прибирање на податоци од наставници, прибирање анамнестички податоци од родителите и добивање согласност за дијагностика, примена на психолошки мерни инструменти) | септември - октомври |

| | | |
|---|---|---|
| | ○ идентификација на талентирани ученици (прашалници за наставници, родители и ученици; примена на психолошки мерни инструменти)<br>○ поддршка и помош на наставниците во изготвување на индивидуални образовни планови и избор на форми и методи за работа со одредени ученици<br>○ поддршка и упатување на родителите во пружањето соодветна помош на децата (разговори, предавања, работилници)<br>○ работа со учениците на промена во подрачјето на препознаените тешкотии (примена и спроведување на различни интервенции насочени кон подобрување на учењето и однесувањето)<br>○ водење психолошко досие на учениците<br>○ следење на напредокот на учениците (непосреден увид на час, анегдотски белешки, извештај од одделенски раководител на полугодие и крај)<br>○ соработка со релевантни институции | континуирано<br><br><br><br>континуирано |
| 2.3 | Запишување на ученици | |
| | ○ учество во изготвување на евиденција за школски обврзници<br>○ известување на родители за запишување (утврдување на термин и потребни документи)<br>○ изготвување на прашалник за подготвеност на дете за запишување во прво одделение<br>○ спроведување на постапка за запишување (разговор со родители и деца, пополнување на ЛОБИ - прибирање на основни податоци за децата, опсервација на децата, разговор со родителите за развојот на децата)<br>○ евидентирање на отпишани и придојдени ученици (разговор со родители, ученици и наставници, укажување на процедура и потребни документи) | мај<br><br><br><br><br>континуирано |
| 2.4 | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и вонваставните активности | |
| | ○ анализа на успехот по одделенија по класификациони периоди во подрачните училишта на с.Орашац<br>○ евиденција за изречени педагошки мерки<br>○ учество во изготвување на анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на ниво на училиште<br>○ учество во следење и анализа на успехот при премин во средно училиште | на секој клас.период<br>јануари/февруари<br>јуни/јули<br><br>јуни |

| | | |
|---|---|---|
| 2.5 | Работа на професионална ориентација на учениците | |
| | o разговори со учениците за нивните професионални интереси и желби<br>o утврдување на професионалните интереси на учениците од IX одделение преку анкетен прашалник<br>o разговори со родителите за професионалните интереси и желби на нивните деца<br>o информирање на учениците (и родителите) за мрежата на училишта за средно образование и условите и роковите за упис во истите<br>o изготвување на предавања за родителите<br>o соработка со релевантни институции (Биро за вработување, медицински центар) | март<br>април |
| **III.СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ** | | |
| 3.1 | Педагошко-инструктивна и советодавна работа | |
| | o утврдување на состојбата на учениците со спроведување на анамнестичко интервју<br>o индивидуална и/или групна советодавна работа со родителите со цел помош на родителите во разбирање на развојните потреби на децата<br>o интервенција - работа со родителите на промени во подрачје на препознаени тешкотии<br>o едукација на родителите за вештини на родителството и техники на дисциплинирање, стратегии на соочување со ризично поведение (предавања, пишуван материјал)<br>o работилници за родители на тема *Родителство* и *Комуникација родители - деца*<br>o советување на родители | по потреба<br>октомври - март<br>ноември/јануари/апр |
| 3.2 | Учество во работата на родителски состаноци | |
| -Да се етаблира и афирмира Училиштето во меѓународни рамки и да се промовираат придобивките од проектот во локалната заедница | -мобилност во Сицилија, Италија преку Еразмус+ проект GOAL! | -наставници<br>-родители<br>-ученици<br>-медиуми | -посети средби<br>-презентации<br>-работилници | март | -директор<br>-наставници<br>-стручна служба<br>-ученици<br>-родители | -Афирмирано училиште во меѓународни рамки и промовирани придобивките од проектот во локалната заедница, зголемена мотивација и подобрена постигање со учење преку игри |
| -да се постигне поголема соработка со локална заедница и месно население | -организирање на Ден на екологија | -ученици<br>-наставници<br>-директор<br>-бизнис-заедница<br>-локална самоуправа<br>-медиуми | чистење на двор и училници | март | -човечки ресурси<br>-материјални ресурси<br>-флаери | соработка со локална заедница, родители, месно население |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -да се постигне поголема соработка со културните институции и промоција на Училиштето | Посета на балет /кино/музеј/кино тека/библиотека | -ученици<br>-наставници<br>-родители<br>-медиуми | посета | март | -директор<br>-наставници<br>-стручна служба<br>-ученици<br>-родители<br>-бизнис зедница | соработка со културните институции и родители |
| -да се постигне поголема соработка со учениците од подрачните училишта | Даруваме радост | -ученици од 4 одд.<br>-наставници<br>-родители<br>-медиуми | посета и работилница | април | -директор<br>-наставници<br>-стручна служба<br>-ученици<br>-родители | зближување и соработка на ученици од централно училиште со ученици од подрачните училишта |
| -да се постигне поголема соработка со локална заедница и месно население | -организирање на маскенбал по повод 1 Април- Денот на шегата | -ученици<br>-наставници<br>-родители<br>-месно население<br>-медиуми | изготвување маски<br><br>дефиле низ населбата | април | -директор<br>-наставници<br>-стручна служба<br>-ученици<br>-родители<br>-бизнис заедница | соработка со месно население |
| -да се зајакне соработка со еколошки друштва и да се развие еколошка свет на учениците | -одбележување на Ден на планетата Земја | -член на еколошко друштво<br>-ученици<br>-наставници | предавања презентации | април | -човечки ресурси<br>-просторни ресурси | зголемена соработка со еколошки друштва и развиена еколошка свест |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -да се постигне поголема соработка со идни ученици и нивни родители | -Отворен ден за првачиња и нивни родители | -стручна служба<br>-родители<br>-ученици | -презентација<br>-посета | април | -директор<br>-наставници<br>-стручна служба<br>-ученици<br>-родители | соработка со месно население |
| -да се зајакне соработка со родители –да се развие креативноста кај учениците | Велигденски базар | -наставници<br>-ученици<br>-родители | -продажен базар | април | -човечки и материјални ресурси | зајакната соработка со родителите<br>поттикната креативност кај учениците |
| -да се постигне поголема соработка со бизнис заедницата | -презентација на професија | -ученици од IX одд.<br>-родители од бизнис секторот<br>-наставници | посета на работните места,<br>предвања, презентации | април/мај | -човечки ресурси | зголемена соработка со родители од бизнис заедницата |
| -Да се етаблира и афирмира Училиштето во меѓународни рамки и да се промовираат придобивките од проектот во локалната заедница | Мобилност во Романија преку Еразмус+ проект GOAL! | -наставници<br>-родители<br>-ученици<br>-медиуми | -посети средби<br>-презентации<br>-работилници | Мај | -директор<br>-наставници<br>-стручна служба<br>-ученици<br>-родители | -Афирмирано училиште во меѓународни рамки<br>и промовирани придобивките од проектот во локалната заедница, зголемена мотивација и подобрена постигање со учење преку игри |
| -да се постигне поголема соработка | -учество на традиционалнио | -ученици<br>-наставници | собири здружувања | мај | -директор<br>-наставници | соработка со локална заедница |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| со локална заедница | т маскенбал „Батко Ѓорѓија“ организиран од Општината | -директор<br>-бизнис-заедница<br>-локална самоуправа<br>-медиуми | приредби<br>натпревари<br>саеми<br>посети | | -стручна служба<br>-ученици<br>-родители<br>-бизнис заедница | |
| -да се постигне поголема соработка со локална заедница и промоција на Училиштето | - Денот на Училиштетето | -ученици<br>-наставници<br>-директор<br>-бизнис-заедница<br>-локална самоуправа<br>-медиуми | приредби<br>натпревари<br>саеми<br>посети | мај | -директор<br>-наставници<br>-стручна служба<br>-ученици<br>-родители<br>-бизнис зедница | зголемена соработка со локална заедница |
| -да се постигне поголема соработка со средни училишта | -презентации на струки во средни училишта | -ученици<br>-наставници<br>-директор | -презентации<br>-посети | мај | -директор<br>-наставници<br>-стручна служба<br>-ученици | соработка со средни училишта |
| -Да се поттикне натпреварувачкиот дух кај учениците | -промовирање на постигањата на учениците | -новинарска секција-*Радио Рацин* | -објавување на училишен разглас | континуирано | --директор<br>-наставници<br>-ученици | промовирани постигања на учениците<br>мотивирани ученици |
| -Да се подобрат односи и комуникација помеѓу наставниците | -хор од наставници | -Весна Пешевска-наставник по музичко образование | проби/подготивки на композиции | континуирано | -наставници | промовирано Училиште |
| -Да се етаблира и | Мобилност во | -наставници | -конгрес за | мај/јуни | -директор | -Афирмирано училиште во |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| афирмира Училиштето во меѓународни рамки и да се промовираат придобивките и креативните решенија за проблемите во животната средина од проектот во локалната заедница | Шпанија – учество на конгрес преку Еразмус + проект, ESCEI | -родители<br>-ученици<br>-медиуми | животна средина и екологија | | -наставници<br>-стручна служба<br>-ученици<br>-родители | меѓународни рамки и промовирани придобивките и креативните решенија од проектот во локалната заедница, подигната еколошка свест во заедницата |
| -да се постигне поголема меѓународна соработка со училишта од други држави | -споделување иновативни и современи методи и техники во образование | -ученици<br>-наставници<br>-директор<br>-стручна служба<br>-локална самоуправа<br>-медиуми | -посети<br>-презентации<br>-работилници<br>-натпревари<br>-приредби<br>-собири<br>-учество на online образовни платформи | континуирано | -човечки и материјални ресурси | -меѓународна соработка со основни училиште од Европа |
| -да се постигне поголема соработка со локална заедница и меѓународна соработка | -Учествување во проекти:<br>-ОХО-проект;<br>-Безбедни училишта;<br>-МИМО;<br>-Заедничка грижа за правилно | -наставници<br>-одговорени тимови<br>-ученици<br>-родители<br>-СВР Куманово<br>-локална самоуправа<br>-НВО<br>-медиуми | саеми трибини натпревари, квизови, заеднички работилници, посети излети заеднички Патронати | континуирано | -стручна литература<br>-интернет<br>-флаери<br>-човечки ресурси<br>-просторни ресурси<br>-материјални | Зголемена соработка со локална заедница, партнер училиште, збратимено училиште, локалната самоуправа, родители и промоција на Училиштето во меѓународни рамки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | насочување на учениците;<br>-Збратимени училишта;<br>- Erasmus KA2 (GOAL!; ESCEI)<br>-Училишни проекти: Даруваме радост, Ботаничка градина, Ех да можев очите на мама да ги видам, Играј, учи, забавувај се,Да ја заштитиме планетата Земја со свои раце | | литературни читања и забави саем на национална храна | | ресурси | |
| **Институции од областа на културата** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -да се постигне поголема промоција на Училиштето во оптшински, државни рамки и меѓународни рамки<br><br>-да се постигне поголема промоција на Училиштето во оптшински, државни рамки и меѓународни рамки | Учество на општински, државни, меѓународни литературни и ликовни конкурси распишани од:<br>-Друштво на писателите наКуманово;<br>-Градската библиотека „Тане Георгиевски“;<br>-Здружението за грижа и воспитување на децата<br>-Здружението на просветните работници на Град Скопје;<br>-Конкурс распишан од „Детска радост“ и „Наш свет“;<br>-Конкурс по повод 24 Мај- Ден на просветни работници<br>-Конкурси распишан од банки, компании, училишта и други организации.<br>-Конкурси распишани на меѓународно ниво<br>-Конкурси распишани на интернет портали<br><br>Учество на општински, државни, меѓународни ликовни колонии:<br>-Битолски мал Монмартр<br>-Ликовна колонија по повод Ден на Европа<br>-АСНОМ<br>-Ликовна колонија организирана од Здружението за грижа и воспитување на децата | -ученици<br>-наставници<br>-бизнис заедница<br>-локална заедница | творење и испраќање литературни / ликовни творби на дадена тема | континуирано | -интернет<br>-човечки ресурси<br>-материјални ресурси | Зголемена промоција на Училиштето во областа на културата во општински, државни и меѓународни рамки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Колонии организирани во други држави | | | | | |
| **Институции од областа на образованието** | | | | | | |
| -да се постигне поголема промоција на Училиштето во општински, регионални, државни и меѓународни рамки | Општински, зонски, меѓузонски, регионални, државни и меѓународни натпревари по сите предмети | ученици одделенскии предметни наставници | натпревари | континуирано | -стручна литература<br>-интернет<br>-човечки ресурси<br>-просторни ресурси<br>-материјални ресурси | Подобрување на меѓуетничката клима помеѓу учениците, вработените и родителите |
| -да се намалат етничките предрасуди, да се зголеми меѓусебното почитување преку интерперсонално и интеркултурално запознавање и да се зголеми меѓународна соработка со други училишта од Европа | Реализација на проекти:<br>-ОХО-проект;<br>-Безбедни училишта;<br>-МИМО;<br>-Заедничка грижа за правилно насочување на учениците;<br>-Збратимени училишта;<br>- Erasmus КА2 (GOAL!; ESCEI)<br>-Училишни проекти: Даруваме | -наставници<br>-одговорени тимови<br>-ученици<br>-родители<br>-СВР Куманово<br>-локална самоуправа<br>-НВО<br>-медиуми | здружувања<br>приредби<br>натпревари<br>саеми<br>посети | континуирано | -стручна литература<br>-интернет<br>-флаери<br>-човечки ресурси<br>-просторни ресурси<br>-материјални ресурси | Поквалитетна настава |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | радост, Ботаничка градина, Ех да можев очите на мама да ги видам, Играј, учи, забавувај се,Да ја заштитиме планетата Земја со свои раце | | | | | |
| -да се обучат наставниците, стручна служба за новините кои ќе следат во образованието | Посета и учество на обуки и семинари | наставници стручна служба, директор | обуки семинари | континуирано | -стручна литература -човечки ресурси -просторни ресурси материјални ресурси | Правилно раководење на Училиштето |
| -да се добијат квалитетни упатства за новини настанати во образованието | Состаноци со Актив на директори, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование | стручна служба, директор | состаноци средби дебати трибини | континуирано | -човечки ресурси -просторни ресурси -материјални ресурси | Правилно насочување на учениците за упис во средно училиште |
| -да се добијат квалитетни информација за средни училишта | Промоција на средни училишта пред ученици од | ученици стручна служба наставници | презентации средби дебати | II полугодие | -човечки ресурси -просторни ресурси | Правилно насочување на учениците за упис во средно училиште |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | IX одд. | | | | | |
| **Невладини организации** | | | | | | |
| Соработката со:<br>-Здружение за лица со интелектуална попреченост „Порака наша“,<br>-Здружение за умствен развој на деца „Браин Гинис“<br>-Домот за стари лица „Зафир Сајто“<br>-Општинската организација Црвениот крст,<br>-НВО „Национален ромски центар“„Мајка”, „Инклузива”, „Кумановски акцијаши”, „Вешта жена”<br>-Ротари и Лајонс клуб | | | | | | |
| **Спортски друштва** | | | | | | |
| Продолжи соработката со:<br>-приватни фудбалски школи во Куманово;<br>-РК„ Куманово“;<br>-КК „Куманово“;<br>-КК „Пинк Пантер“;<br>-Атлетски кулб „Куманово“;<br>-Друштво на училишен спорт на Куманово<br>-Федерацијата за училишни спортови на Македонија. | | | | | | |
| **Здравствени организации** | | | | | | |
| -да се грижи за здравјето на учениците | Редовни систематски прегледи | Медицински центар | систематски прегледи | континуирано | ученици | Создавање на трајни навики и свесност за важноста на забната хигиена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -да се создаде навика за заштита и дентална грижа и превентивно да се делува | Стоматолошки прегледи и предавања за дентална хигиена | Стоматолошки ординации | стоматолошки прегледи | | ученици стоматолози одделенски раководители | Спречување на ширење на заразни болести |
| - да се заштитат учениците колективно од заразни болести | Генерациско вакцинирање и ревакцинирање на ученици | Медицински центар | вакцинирање ревакцинирање | | ученици | Спречување на ширење на заразни болести |
| -да се создаде свест кај ученици за преносливост и заштита од заразни болести | Предавања и презентации за заразни болест | -доктори-специјалисти -психолози | предавања презентации | | ученици | Социјална заштита и грижа за ученици |
| -да се откријат и разрешат социјалните проблеми кај учениците | Соработка-состаноци, посета на домови и семејства | Центар за социјални грижи | состаноци, посета | | ученици родители старатели стручна служба наставници | Осигурување на учениците и нставниците |
| -да се осигурат учениците и нставниците од несакани повреди и случки | Осигурување | Осигурителна компанија изберена на тендер | осигурување | | ученици вработени | Навремено откривање на здравствени проблеми кај вработените |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -да се грижи за здравјето и способноста на вработените | Редовни систематски прегледи на вработени | медицински центар приватни здравствени организации | систематски прегледи | | вработени | |

Изработила: Ивана Ѓорѓиевска

## *С. Програма за подобрување на односи меѓу сите структури*

| цели | содржини | реализатор | време | Ресурси | Ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Да се подобри меѓусменска комуникација | -продолжување со информирање за тековни настани и новини во училиштето преку одржување средби;<br>-користење на затворена група на социјалната мрежа Facebook за информирање и комуникација меѓу вработените ;<br>-состаноци на стручни активи како и на технички персонал најмалку еднаш месечно; | - одделенски и предметни наставници<br>-директор<br>-стручна служба<br>-родители<br>-библиотекар<br>-домаќин<br>-административна служба | континуирано | -човечки ресурси<br>-техничка опрема<br>- интернет | - Подигање на квалитетот на комуникацијата меѓу вработени од иста структура |
| 2. Да се подобри комуникација во тимови | -правилна распределба на вработените во училишните тимови и еднаква вклученост во сите активности на училиштето;<br>-навремено почитување и реализирање на обврските во целокупната тимска работа ; | - одделенски и предметни наставници<br>-директор<br>-стручна служба<br>-технички персонал<br>-административна служба | континуирано | Правилник за работа на комисии<br>-човечки ресурси<br>-техничка опрема | - Подобриување на комуникацијата во тимови |
| 3. Да се назначат лица за комуникација со | - назначување на претставници од подрачните училишта , кои ќе ги прибираат и пренесуваат сите | - одделенски и предметни наставници | континуирано | -човечки ресурси | - Назначување на лица за комуникација со подрачни училишта |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| подрачни училишта | потребни информации и новини од централното до подрачните училишта и обратно ; | -директор<br>-стручна служба | | - техничка опрема | |
| 4. Да се почитуваат задолжителните обврски во училиштето | - назначување на лица кои ќе водат евиденција за исполнети задолженија | -ученици<br>-одделенски и предметни наставници<br>-директор<br>-стручна служба<br>-родители | континуирано | - техничка опрема | - Почитување на задолжителните обврски во училиштето |
| 5. Да се подобри комуникацијата и да се зголеми меѓусебната доверба и соработка | -организирање на заедничка прослава по повод Нова година;<br>-организирање прослава по повод Ден на училиштето;<br>-организирање на посети и екскурзии на крај на учебна година<br>-спортски и музички активности ; | -одделенски и предметни наставници<br>-директор<br>-стручна служба<br>-родители<br>-библиотекар<br>-домаќин<br>-административна служба | континуирано | -човечки ресурси<br><br>- техничка опрема | Подобрување на комуникацијата и зголемување на меѓусебната доверба и соработка |

## CI. Правила на однесување во училиштето-куќен ред

За пријатен, безбеден и успешен престој во Училиштето на учениците, вработените и посетителите треба да се почитуваат долунаведените правила на однесување.

Учениците во Училиштето влегуваат на влезовите определени за ученици, со ѕвонење на првото ѕвоно во присуство на дежурен наставник. Не е дозволено влегување и излегување на главниот влез. Часот започнува 15 минути подоцна, со ѕвонење на второто ѕвоно. За секое доцнење на првиот или било кој нареден час, освен при оправдани причини на ученикот ќе му биде евидентиран неоправдан изостанок. Истото се однесува и за секое самоволно напуштање на час.

За време на часовите учениците се должни да ја одржат работната атмосфера и не смеат да им пречат на своите соученици и присутниот наставник. Доколку учениците имаат забелешки за текот на одреден час можат да се обратат до одделенскиот раководител, стручната служба или директорот.

За време на малите и големиот одмор учениците не треба да дозволат да се нарушат редот и дисциплината во Училиштето. Пристојното однесување на учениците секогаш треба да им биде во прв план. Ако се појави проблем, помош треба да побараат од дежурниот наставник. На големиот одмор, учениците можат да излезат од Училиштето со одобрение на дежурниот наставник. При тоа, треба да водат сметка за хигиената, редот и дисциплината при повторното влегување во Училиштето, како и за однесувањето вон Училиштето. По завршување на последниот час, учениците треба да го напуштат Училиштето без трчање, врева и непристојно однесување. Мобилни телефони можат да се носат во училиштето, но за време на наставата задолжително да бидат исклучени, а во случај на губење штетата си ја надоместува сопственикот.

Учениците се ученици секогаш, а особено од тргнувањето од дома до враќањето од Училиштето затоа треба да се однесуваат како ученици. Оваа посебно се однесува на бојата и должината на косите и нивното облекување, кои нешта можат да изгледаат крајно невкусно, непристојно и штетно по нивното здравје. Учениците секогаш треба да внимаваат на својот речник, на местото и средината каде се наоѓаат.

Должност на учениците е да ги поздрават возрасните при првата дневна средба и пристојно да се однесуваат кон останатите ученици и возрасни во Училиштето.

Мебелот од училниците не смее да се преместува или изнесува од училница, освен со договор и одобрение од предметниот наставник, одделенскиот раководител, а по потреба и со договор со учениците и одделенскиот раководител од спротивната смена. Секое оштетување или уништување на училишниот мебел и друг дидактички материјал, ќе биде на сметка на учениците, односно нивните родители. Во зависност од направената штета, наплатата може да биде и двојна. Таа ќе се надомести под контрола на одделенскиот раководител и дежурниот наставник.

Во Училиштето, други ученици и возрасни лица не можат да влегуваат самоволно и во било кое време. Нивна должност е да се пријават кај службителот на главната влезна врата, кој ќе им помогне полесно и побргу да ја остварат целта на посетата без да се наруши наставниот процес. Родители, членови на семејство и други возрасни лица или ученици од други училишта, не смеат да влезат во училиница на час доклоку за нивната посета не е информиран наставникот. Исто така, овие лица за времетраењето на часот не смеат за свои лични потреби да задржуваат наставници во ходниците и во училниците, со што го оневозможуваат нормалното одвивање на наставата.

За спроведување на горенаведеното одговорни се учениците, дежурните ученици, одделенските раководители, дежурните наставници, службителите, педагошко-психолошката служба, помошникот директор и директорот на Училиштето.

## CII. Кодекс за однесување на наставници

1. Наставниците треба да бидат на своите работни места најдоцна до 7:15ч. прва, односно 13ч. втора смена.
2. Наставниците треба да доаѓаат 15 минути порано пред почнување на првиот час, односно 30 минути во понеделник заради договор за тековни активности во текот на неделата.
3. Службениот влез за наставниците се затвара со почетокот на првиот час, а се отвара на голем одмор и по четвриот час.
4. Овој влез по потреба се отвара и за страни лица кои го посетуваат училиштето( за тоа се грижи дежурен прислужник).
5. Дежурните наставници се должни да ги спроведуваат редот и дисциплината ви училиштето и да се воспостави практиката на строење и пуштање ученици пред првиот час во училиштето.
6. Освен на голем одмор, учениците да не се пуштаат и да се шетаат по ходниците на училиштето и вон него. Ова е обврска на дежурните но и на другите наставници.
7. Наставниците се должни на време да одат и да излегуваат од часови зашто на тој начин се запазуваат редот и дисциплината на одделението.
8. Однесувањето на наставниците кон учениците треба да биде коректно и без навредливи зборови зашто пред се треба да се знае дека ученикот е личност а таа треба да се почитува.
9. Меѓусебните односи на наставниците да бидат коректни и колегијални и на завидно интелектуално ниво за ниту на момент да не се заборави каква е нивната фукнција во училиштето зашто од нивното однесување многу зависи и авторитето кој го имаат или немаат кај учениците, родителите, во училиштето и пошироко.
10. На одделенските и наставничките совети да се ислушуваат меѓу себе, да ги уважуваат мислењата и аргументите едни на други и со свои дискусии да не се навредуваат или омаловажуваат меѓу себе.
11. Да не се поправаат оценки на крајот на годината за да не се доведат во ситуација учениците привремено да ги делат на „добри“ и „лоши“ наставници.
12. Наставниците на училиште треба да доаѓаат пристојно облечени. Се што е модерно и во тренд за учениците не е модерно и за нас. Облечени во куси, тесни, плитки, панталони и фармерки, со шарени чорапи и куси деколтирани и тесни маици кои повеќе откриваат отколку што покриваат не се само лош пример за учениците, туку најчесто грдо и неестетски делуваат и имаат спортивен ефект. Вкусот и естетиката се учат дома но и на училиште, а наставниците се тие кои на учениците ќе им укажат дека не секоја облека е за секоја прилика.
13. За секој проблем наставниците треба стрпливо и со внимание да разговараат со учениците и на мирен и културен начин да бараат разрешница за истиот.

14. Наставниците треба да воспостават тесна соработка со родителите (особено одделенските раководители) и 24 часа да им бидат на располагање.
15. Дневниците за работа не требаат да се даваат на ученици да се носат.
16. Мобилните телефони на часовите да се исклучат.
17. Пушење е дозволено само во просторија оределена за тоа, зошто поинаку негативно виљае на учениците и се казнува со закон.
18. Во училиштето е забрането внесување дрога и алкохол.
19. Наставниците да им укажат на родителите дека непосредно пред полугодие и по 20 мај да не доаѓаат на училиште и бараат поправање оценки.
20. Наставниците да не зборуваат лошо за себе, и за своите колеги пред други луѓе (родители и деца)

Постапките и однесувањето на наставниците имаат воспитно влијание и многу придонесуваат во градење на општиот углед на училиштето, кај родителите, во средината во која се наоѓа и во општеството.

## *CIII. Кодекс за однесување на родители*

1. Кога возрасни маж и жена стапат во брак и добијат деца, тие стануваат родители и се друго во животот им станува споредно.
2. Родителската грижа за децата е перманентен и постојан процес кој трае од почеток па се додека тие не станат зрели личности одговорни за своите постапки пред себе, пред другите и пред општеството.
3. Прв услов за создавање зрел и одговорна личност од детето се родителите и односите во родителскиот дом во кој тоа живее.
4. Родителите се тие кои постојано мораат да се грижат за здравјето на своето дете, правилно психофизички развиток, заедно со него да ги решаваат проблемите на кои тоа во својот развој ќе наидува, а се со цел од него да направат одговорна, искрена, чесна и отворена личност.
5. Поаѓањето на училиште е еден од најважните настани во животот на детето. Родителите се тие кои треба да го подготват за тој настан со тоа што на време ке му објаснат од какво значење и зошто треба да оди на училиште. Вака подготвено дете многу полесно ке се вклопи во воспитно образовниот процес и со успех ке ја следи наставата.
6. Школувањето на детето треба со внимание и будно да се прати и да биде под надзор на родителите. Без употреба на навредливи зборови или физичка сила на детето треба да му се помага во совладување на тешкотиите од одредени области.
7. Родителите се одговорни и за постапките на своите деца во училиштето:
   I. Ако детето се успива и го пропушта првиот час, родителите се одговорни за тоа.
   II. Ако родителите ги оправдуваат лажните и неоправдани отсуства од училиште на своите деца, тогаш не се виновни децата туку тие.

III. Ако родителите дома толерираат недолично однесување тогаш детето и во училиште така ке се однесува.
IV. Кога родителите неоправдано ке си дозволат нивното дете заради семејни празници, забави, банкети, слави, родендени или туристички патувања да изостанува од училиште тогаш и тоа може кога сака да најде оправдување (најчесто лажно) и да отсуствува од часови.
V. Родителите треба да знаат дека учениците можат да отсуствуваат од настава само поради болест и смртен случај. Се друго е неоправдано.

8. За постигнување резултати во образованието на децата родителите треба да воспостават најтесна соработка со одделенскиот раководител, педагошко-психолошката служба и сите наставници во училиштето.
9. Родителите редовно треба да одат на родителски состаноци и повици од одделенскиот раководител, доаѓаат сами во училиште барем еднаш месечно, да се консултираат и советуваат со оделни наставници за проблемите што ги имаат со децата најдобро да ги решат. Ако вака се постапува успехот нема да изостане.
10. Досегашната пракса најчесто покажува дека улогата на родителот се сведува само на интервенција преку роднини и пријатели за пишување незаслужени позитивни оценки со што се постигнува спротивен негативен ефект кој задолжително во иднина продуцира негативни последици.
11. Родителите треба да ги известуваат одделенските раководители за отсуство на своите деца од наставата и причините за тоа: само медицинска белешка не е оправдување.
12. Родителите треба да го контолираат своето дете редовно колко часови има, кога поаѓа и доаѓа од училиште, на кои вонаставни активности оди, кога и колку се задржува. Контролата е неопходна и за успехот, но и за безбедноста на децата.
13. Родителите не треба да дозволуваат често излегување на децата до доцни вечерни часови, што во последно време е многу честа појава.
14. Особено треба родителите да ги проверуваат своите деца и да разговараат со нив за штетноста од цигари, дрога и алкохол кои се многу присутни кај оваа популација.
15. Кога родителите доаѓаат на училиште пожелно е да дојдат пристојно облечени бидејќи сепак влегуваат во културно воспитна и образовна институција во кое се школуваат нивните деца. Ако детето е огледало на родителот тогаш и родителот е огледало на своето дете.
16. Препорачливо е родителите кога ги донасаат своите деца на училиште да ги чекаат не внатре туку пред влезовите предвидени за ученици. На тој начин децата се учат на културно однесување.
17. Родителите не смеат да употребуваат лоши зборови и да ги критикуваат учителите и наставниците пред своите деца. Ако има спор ке се реши меѓу нив.

Со овој кодекс посакуваме искрена соработка со родителите, зошто без нивна помош сами малку можеме да постигнеме. И, ако децата ни се најголемо бокатсво, а се, тогаш ајде заедно да поработиме на тоа.

## *CIV. Кодекс за однесување на ученици*

1. Учениците треба да бидат во училишниот двор најдоцна до 7,15ч прва, односно 13ч втора смена кога построени по одделенија од пред влезните врати за ученици ке бидат пуштени во училиштето од дежурните наставници.
2. Влезните врати за учениците во училиштето се затвараат во 7,30ч за прва и 13,15ч за втора смена и секое задоцнување се казнува со неоправдан изостанок.
3. Влезните врати за учениците се отвараат само за голем одмор и по завршување на четвртиот час.
4. Службениот (главен влез) на училиштето е строго забранет за влегување и излегување на ученици и се користи само за вработените и лица кои го посетуваат училиштето.
5. Задолжително е носење на униформа
6. За часовите по физичко образование се користи влезот предвиден до училишната сала.
7. На учениците им се забранува излегување од училиштето освен на голем одмор и при одење дома по завршување на часовите (Ученик може да излезе и со одобрение од одделенскиот раководител, стручната служба или директорот на училиштето).
8. Учениците треба редовно да ја следат наставата и да не се ослободуваат од час без сериозни потреби.
9. Учениците особено треба да внимаваат:
   - На својата лична хигиена и на хигиената во училиштето (особено во санитарните јазли кои треба правилно да ги користат т.е. да не ги злоупотребуваат бидејќи од тоа многу зависи нивното здравје).
   - Да бидат пристојно облечени. Девојчината да не носат провокативни блузи и маички, со куси и голи грбови и деколтеа и тесни плитки панталони со широки опточени каиши штетни по нивното здравје. Машките да бидат исто пристојно облечени и да не носат пантолони со ланци и други непотребни украси како што се: крстови, нараквици, прстени и слично.
   -Косата да биде пристојно исчешлана и собрана и потшишана до одредена должина.
10. Меѓусебните односи да бидат коректни и пристојни без употреба на навредливи зборови, пцовки или тепачки и сите спорови и недоразбирања да се решаваат на мирен и достоинствен начин со класниот раководител и педагошко-психолошката служба во училиштето.
11. Особено големо внимание да посветуваат на односот кон професорите и другите вработени во училиштето. Пријатна насмевка, поздрав, извинување или признавање на стореното се мали нешта кои многу кажуваат за ликот на ученикот. Лажењето и прикривањето непријатна вистина за себе или за друг нема да одврати никого од лошото дело ако еднаш било сторено пак да не се повтори.
12. Однесувањето на учениците за време на часовите да е пристојно т.е. со внимание и дисциплинирано да се прати изведувањето на наставата по сите наставни предмети. При тоа секој ученик треба да знае дека не е сам туку е дел од една целина т.е. одделение и

нема право заради своите испади и недолично однесување да им оневозможува на другите да го следат наставникот и да слушаат на час.

13. Учениците се должни нагледните средства и училишниот инвентар да ги чуваат како да се нивни, да помагаат во нивна изработка, а ако некој нешто уништи сам да го надокнади.
14. На учениците им се забранува:
    -Користење мобилни телефони за време на часовите.
    -Пушење цигари и пиење алкохол и други пијалоци во училиштето.
    -Носење петарди, цигари, алкохол, дрога, ножеви, стапови, палки, ланци, синџири и др. со кои можат да се нанесат и тешки телесни повреди.
    -Меѓусебни тепачки индивидуални или групни.
    -Влегување во наставничка канцеларија и шетање пред истата.
    -Користење WC предвидено за наставниците
15. Да си купуваат кифли или појадок и ужина пред доаѓање на училиштето.
16. Дежурните ученици во одделението имаат задолжение: таблата да биде избришана, клупите и столчињата наредени, хигиената во училницата да биде на завидно ниво, за време на часовите по физичко по еден да останува во училница, да ги кажуваат отсутните ученици и да внимаваат на редот и дисциплината во одделението.

Со почитување на овој кодекс учениците достојно ке го негуваат и презентираат својот и ликот и угледот на училиштето во и надвор од него и ќе ги истакнат своите позитивни човечки вредности.
За непочитување на овој кодекс следуваат педагошки мерки и казни според Статутот на училиштето и Законот за основно образование.

## *CV. Кодекс за однесување со ИКТ*

Кодекс за однесување со ИКТ технологија претставува множество на правила за коректно однесување во компјутерскиот свет на учениците. Употребата на компјутерите во наставата во денешно време е во пораст, затоа потребно е да постојат правила или начини на однесување во компјутерскиот свет во училиштето. Компјутерската етика се грижи за постоењето на тие правила. Таа ги подучува учениците како да се однесуваат правилно кога користат компјутер на училиште. Тоа всушност бара пред се рамноправен достап до компјутерите и еднаква можност за користење на ИКТ**,** за да се развие свеста за користење во согласност со етичките норми и принципи**.**

Со зголемување на употребата на компјутерите во наставата се зголемуваат и бројот на нормите кои ги воведува комјутерската етиката. Таа ни помага да ја зголемиме приватноста при користењето на комјпутерите во училиштето, да се заштитиме од вирусите, од некоректното користење на софтвер. Компјутерската едукација се воведува во училиштето, се со цел учениците на време правилно да се

информираат за употребата на компјутерите, и придонесите од нив. Компјутерската етика, ги учи учениците како да се справуваат со ризиците и да ја зголемат безбедноста.

Етичките кодекси постојат, за да учениците ги почитуваат и применуваат, а не да ги прекршуваат. Некои ученици кога прават прекршоци, не размислуваат дека со тие прекршоци можат да ги повредат другите ученици.

**Етички кодекс на однесување во училница:**

- Во училница влези тивко без трчање за да не дојде до несакано оштетување на компјутерот.
- Остави го ранецот, јакната и останатите лични предмети на определено место, на страна од копмјутерот.
- Не јади, не пиј и не фрлај ѓубре во училница околу копмјутерот.
- Пред крајот на час затвори ги сите програми со кои си работел.
- Не ги разместувај компјутерот и мониторот по маса.
- Не симнувај од интернет програми, слики и видео клипови на училишниот компјутер или на својот мемориски уред без дозвола.
- Не се најавувај во копјутерот и програмите со туѓо корисничко име или лозинка.
- Не бриши и разместувај фолдери и фајлови кои не се твои.
- Она што го работиш на часот снимај го во договорен фолдер.
- Пред крајот на час затвори ги сите програми со кои си работел.
- Учениците треба да имаат разбирањето во технологијата, неговата соодветна примена и потенцијалните последици.
- Информациите зачувани на компјутер, треба да се третираат онака како што се напишани или изговорени.
- Приватноста не треба да биде прекршена.
- Испраќање на непристојни пораки преку електронска пошта е забрането.
- Испраќање на сексуално експлицитна содржина, пораки или слики е исто така забрането.
- Пристапи до компјутерски и комуникациски ресурси само ако си овластен за тоа.
- Не го користи компјутерот за да наштетиш на друга личност.
- Не мешај се во работата на другите соученици.
- Не чепкај по туѓи датотеки.
- Не користи го компјутерот за кражба.
- Не користи го компјутерот за донесување на лоши заклучоци.
- Не ги давајте вашите лични информации (вашето вистинско име, возраста, адресата, телефонскиот број, името на училиштето, лозинките и вашиот изглед изглед) никому преку интернет.
- Не потполнувајте формулари на интернет без одобрение од наставникот.

- Не праќај слики без да добиеш специјална дозвола од наставникот.
- Користи го копмјутерот само за едукација.
- Не ги вклучувајте компјутерите без дозвола на наставникот.
- Не ги вадите каблите од копјутерот.
- Доколку компјутерот не ви се вклучува, информирајте го наставникот.
- Не пишувајте по мониторот, тастатурата и маусот.
- Не ги вадете и поместувате дугмињата од тастатура.

**Етички кодекс на однесување во кабинет по информатика:**

- Пред да влезеш во кабинетот почекај да излезе последникот ученик од претходниот час.
- Во кабинетот по информатика влези тивко без трчање за да не дојде до несакано оштетување на компјутерот.
- Остави го ранецот, јакната и останатите лични предмети на определено место, на страна од копмјутерот.
- Не јади, не пиј и не фрлај ѓубре во кабинетот.
- Пред крајот на час затвори ги сите програми со кои си работел.
- Стави го столчето на свое место.
- Не ги разместувај компјутерот и мониторот по маса.
- Не ја менувај подлогата на оперативниот систем
- Не активирај програми - чувари на екран со лични пораки.
- Не симнувај од интернет програми, слики и видео клипови на училишниот компјутер или на својот мемориски уред без дозвола.
- Не се најавувај во копјутерот и програмите со туѓо корисничко име или лозинка.
- Не бриши и разместувај фолдери и фајлови кои не се твои.
- Нападните софтвери како "црви" или "вируси" се исто така нелегални.
- Натрупувањето нечиј систем, со несакани информации, е исто така нелегално.
- Не симнувај програми од интернет без дозвола на наставникот.
- Она што го работиш на часот снимај го во договорен фолдер.
- Учениците треба да имаат разбирањето во технологијата, неговата соодветна примена и потенцијалните последици.
- Информациите зачувани на компјутер, треба да се третираат онака како што се напишани или изговорени.
- Приватноста не треба да биде прекршена.
- Испраќање на непристојни пораки преку електронска пошта е забрането.

- Испраќање на сексуално експлицитна содржина, пораки или слики е исто така забрането.
- Не го користи компјутерот за да наштетиш на друга личност.
- Не мешај се во работата на другите соученици.
- Не чепкај по туѓи датотеки.
- Не користи го компјутерот за кражба.
- Не користи го компјутерот за донесување на лоши заклучоци.
- Не ги давајте вашителични информации (вашето вистинско име, возраста, адресата, телефонскиот број, името на училиштето, лозинките и вашиот изглед изглед) никому на интернет.
- Не потполнувајте формулари на интернет без одобрение од наставникот.
- Не праќај слики без да добиеш специјална дозвола од наставникот.
- Користи го копмјутерот само за едукација.
- Не ги вклучувајте компјутерите без дозвола на наставникот.
- Не ги вадите каблите од копјутерот.
- За секоја неисправност на копмјутерот, информирајте го наставникот.
- Не пишувајте по мониторот, тастатурата и маусот.
- Не ги вадете и поместувате дугмињата од тастатура.
- Излези тивко без трчање!

**Етички кодекс на однесување во канцеларија:**

- Не јади, не пиј и не фрлај ѓубре околу компјутерот.
- Откако ке завршиш со користење на компјутерот, стави го столчето на свое место.
- Не ги разместувај компјутерот и мониторот по маса.
- Не симнувај од интернет програми, слики и видео клипови.
- Не се најавувај во копјутерот со друго корисничко име или лозинка.
- Не бриши и разместувај фолдери и фајлови кои не се твои.
- Оној кој работи на копмјутер треба да имаат разбирање во технологијата, неговата соодветна примена и потенцијалните последици.
- Информациите зачувани на компјутер, треба да се третираат онака како што се напишани или изговорени.
- Приватноста не треба да биде прекршена.
- Испраќање на непристојни пораки преку електронска пошта е забрането.

- Испраќање на сексуално експлицитна содржина, пораки или слики е исто така забрането.
- Не го користи компјутерот за да наштетиш на друга личност.
- Не мешај се во работата на другите соученици.
- Не чепкај по туѓи датотеки.
- Не користи го компјутерот за кражба.
- Не користи го компјутерот за донесување на лоши заклучоци.
- Не ги вадете каблите од компјутерот.
- За секоја неисправност на копмјутерот, информирајте го одговорното лице за тоа.
- Пред крајот на својата работа затвори ги сите програми со кои си работел.
- Не го исклучувај компјутерот доколку на другиот компјутер некој сеуште работи. Мониторите се вмрежени, ке се исклучи работата на другиот корисник.

## *CVI. Етички кодекс за оценување на ученици*

- да создаваат култура на правично и фер оценување во училиштето;
- да ги заштитуваат правата на приватност во оценувањето;
- да спречат евентуална злоупотреба на резултатите од оценувањето на учениците;
- да обезбедат правен процес на жалби во врска со оценувањето;

Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме не затоа што така ни налага законот, не затоа што некој тоа го очекува од нас, туку затоа што веруваме дека така треба и сакаме така да се однесуваме.

**Наставниците прифаќаат:**

- да бидаат непристрасни, објективни, позитивни , отворени и подготвени да им дадат подршка и помош на учениците во процесот на оценување;
- со своето однесување во процесот на оценување да промовираат високи морални вредности и да бидат пример за учениците;
- да ја избегнуват секоја ситуација што може да претставува конфликт на интереси непристрасно и непринципиелно однесување во процесот на оценување;
- да одбијат секаков вид интервенција или поткуп понуден со цел да дадат оценка поголема од заслужената
- да се спротистават на неетичко однесување на други субјекти во оценување ученици, родители и колеги;
- во процесот на оценувањето да ја почитуваат личноста на ученикот и неговите родители;
- да водат грижа за приватноста на ученикот и сознанијата за неговото учење, да не ги споделуват со лица кои не се дел од процесот на наставата;
- да соработуваат со колегите со цел да се подобри оценувањето;

- при оценувањето да не прават дискриминација на учениците по било која основа (национална, верска, полова, расна, социјална состојба и сл.);

**Родителите прифаќаат:**

- да го подржуваат учењето на своите деца преку залагање за фер оценување;
- да се воздржат од активности кои неоправдано би ги довеле нивните деца до повластена положба о оценувањето во однос на другите деца;
- да ги почитуваат професионалните односи и совети на наставниците во врска со оценувањето на нивните деца;
- кај своите деца-ученици да почитуваат чесен и фер однос и со своето однесување во врска со оценувањето на постигањата на учениците да им бидат пример за тоа;
- кај своите деца да ги препознаваат и спречуваат евентуалните обиди со недозволени постапки да добијат поволна оценка од објективно утврдената;

Секој кој ја проценува етичноста на своите постапки сврзани со оценувањето на учениците ќе има предвид како тоа го засега не само некој конкретен ученик, туку и други ученици;

Во подигање на етичноста во оценувањето етички е ако секој тргне од себе;

**Учениците прифаќаат:**

- да се залагаат за праведно и фер оценување на сите ученици и да се спротиставуваат на појави кои доведуваат до необјективно оценување;
- да ги почитуваат барањата и договорените процедури во врска со оценувањето и да се информираат за последиците од нивното непочитување;
- да не поставуваат неприфатливи барања во врска со оценувањето на нивните постигања;
- да ги почитуваат советите на наставниците поврзани со оценувањето и учењето;
- да не се служат со недозволени постапки во текот на презентирањето на бараните знаења и вештини и да одбегнуваат да вршат какво било влијание (непосредно или посредно) со цел некој ученик да се здобие со повисока оценка од реално заслужената;

**Службениците во институциите надлежни за Образованието на државно и на локално ниво прифаќаат:**

- да обезбедуваат навремено подготвување и донесување на квалитетни нормативни акти (закони,, правилници, упатства и др.) со кои се регулира оценувањето на напредокот на учениците и да се грижат за нивната доследна примена во практиката;
- навремено и непристрасно да реагираат на приговори, жалби, молби и слично во врска со оценувањето за чие разрешување се надлежни, а кои се поднесени од учениците и нивните родители;
- информациите (резултатите) од оценувањето што им се службно достапни, да не ги користат за ненаменски цели и на начин кои би произвеле негативни последици за учениците или би довеле до несоодветни одлуки во образованието;
- професионалната позиција да не ја користат во приватни цели, поврзани со оценувањето во некое училиште или на некој ученик;